**Универзитет "Св.Кирил и Методиј" - Скопје**

**Филозофски факултет**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ***Организација на институциите и управување со процесите на трговија со луѓе***

Кандидат:

Сања Козлетин 3404

Ментор:

Проф. Д-р. Трајан Гоцески

Скопје, 2013 година



*Трговијата со луѓе преставува глобален проблем, кој преставува ризик за безбедноста, здравјето, сигурноста и моралот и остава* ***тешки последици*** *низ целиот живот. Со трговијата со луѓе се* ***загрозени основните човекови права и слободи*** *загарантирани со Уставот и законите на РМ.*

**Содржина**

Листа на кратенки и акроними.....5

**Вовед**.....6-9

**I ДЕЛ**.....10

**Поимно определување на трговијата со луѓе**.....10

1. Дефинирање на поимот трговија со луѓе.....10
2. Етимолошко значење на синтагмата трговија со луѓе..... 12
3. Феноменолошки аспекти на трговијата со луѓе и малолетни лица.....13-17

**II ДЕЛ**.....18

**Меѓународни аспекти на трговијата со луѓе**.....18

1. Меѓународниот карактер на трговијата со луѓе .....18

2. Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со луѓе.....19

2.1 Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со малолетни лица.....21

3. Протоколот од Палермо за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца.....23-28

**III ДЕЛ**.....29

**Трговијата со луѓе во Република Македонија**.....29

1. ***Законска регулатива на Република Македонија и сузбивањето на трговијата со луѓе***.....29-33
2. **Институционална рамка на Република Македонија за борба против трговија со луѓе**.....34
   - Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.....34
   - Секретаријат на Националната комисија.....35
   - Национален известувач во Република Македонија.....35
   - Подгрупа за борба против трговијата со луѓе.....36

- Канцеларија на националниот координатор....................................................37
- Национален механизам за упатување (НМУ)..........................................38
- Државна комисија: Насочување на работата на Министерствата...........38
- Државната комисија и Стандардните оперативни процедури како главни столбови на македонската стратегија за справување на трговијата со луѓе..........................................................................................................38-41

**IV ДЕЛ**..........................................................................................................42-45

**Процесот на трговија со луѓе**....................................................................46

1. Определување на термините: трговец со луѓе и жртва на трговија со луѓе
2. Фази на трговија со луѓе..............................................................................50
   - Прва фаза –регрутирање.........................................................................51
   - Транзитна фаза - превоз ....................................................................53-55
   - Фаза на експлоатација..............................................................................56
3. Причини за трговија со луѓе.........................................................................57
4. Трговијата со малолетни лица и трговијата со луѓе на Балканот.............59-60

**V ДЕЛ**................................................................................................................61

**Заштита и поддршка на жртвите на трговија со луѓе и сузбивање на овој криминалитет на нашите простори**......................................................... 61

1. Невладина ангажираност околу сузбивањето на овој криминалитет на нашите простори.........................................................................................63-67
2. Стандардни оперативни процедури на програмата"Резиденција"...........67-77
3. Анализа на случај...................................................................................78-79

**Заклучок**......................................................................................................80-85

**Прилог- случаи**............................................................................................86-94

**Користена литература**...............................................................................95-98

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **ЗКП** | Закон за кривична постапка |
| **ЗМП** | Закон за малолетничка правда |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **НВО** | Невладини организации |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **РМ** | Република Македонија |
| **НМУ** | Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе |
| **ЈУСЦР** | Јавна установа центар за социјална работа |
| **СЕ** | Совет на Европа |
| **ИОМ** | Меѓународна организација за миграција |
| **ИЦМПД** | Меѓународен центар за развој на миграционата политика |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ПИМ** | Предистражни мерки |
| **СОП** | Стандардни оперативни процедури |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МОТ** | Меѓународна организација на трудот |

## Вовед

Трговијата со луѓе преставува сериозен и сложен меѓународен проблем, трет по големина криминален бизнис, веднаш после трговија со дрога и оружје и еден од растечките форми на организиран криминал на глобално ниво, кој е присутен во земјите со лоши економски услови, и во развиените земји.

Имено, трговијата со луѓе е феномен кој во изминативе години зама се поголем замав и се издигна на ниво на зеднички проблем кој го засега општеството во целина. Трговијата не е само кривично дело, таа е многу повеќе од тоа, таа е организиран криминал, кршење на основните човекови права, негирање на човекот како битие, модерно ропство.

Трговијата со луѓе не е феномен на новото време. Напротив, за трговија со жени се зборува уште во 19 век во земјите на Западна Европа, во чии колонии се транспортирани жени од овие земји заради принудена проституција. Така настанал терминот "трговија со бело робје" кој предизвикал меѓународна кампања која резултирала во прва меѓународна спогодба, потпишана во Париз 1904 година. Во 1949 година усвоена е првата Конвенција на Обединетите Нации за сузбивање на трговија со луѓе и експлоатација по пат на проституција.

На меѓународна сцена проблемот на трговија со луѓе посебно се актуелизираше последната деценија од 20 век поточно во текот на 90 години од дваесеттиот век. Тоа доведе до интезивирање на напорите на меѓународната заедница за изнаоѓање на адекватни механизми за борба против ова општествено зло, трговијата со луѓе.

Иако проценките се различни, постојат доволен број индикатори дека секоја година, неколку стотици илјади лица се тргувани во Европа. Тие се доведени во забуна, честопати продавани и принудени да работат, и експлоатирани во различни сектори. Вообичаено, жените се тргувани во сексуалната индустрија, за домашна работа или во принудени бракови, мажите се доминантно тргувани како градежна, земјоделска или работна сила во фабрики, но, исто така и во сексуална

индустрија, додека пак, малолетните лица најчесто се тргувани во сексуалната индустрија, питачењето и домашната работа.

Гледано од страна на практиката во поглед на сузбивањето на трговијата со луѓе, кај нас и во светот, темната бројка на овој криминалитет е огромна, посебно во нашата земја. Токму овде се пројавува и мојот интерес и на еден начин, научната оправданост, за обработка на оваа тема.

Причината поради која практиките слични на робство, како што е трговијата со луѓе, сеуште постојат во 21-от век во Европа, може, во најголема мера, да бидат објаснети со т.н. поттикнувачки и повлекувачки фактори. Постоењето на тешки политички, економски и социјални ситуации во одделни делови од Европа, особено, во земјите од поранешниот Советски сојуз и Балканот, ги влоши невработеноста, нееднаквоста и нестабилноста, поради кои луѓето се поттикнати да мигрираат и да бараат вработување на друго место. Ваквата ситуација го зголемува нивниот ризик да паднат во рацете на посредници, криминални групи или поединци кои им помагаат да влезат во некоја држава и им ги договараат нивните визи и дозволи за работа, а потоа ги експлоатираат. Трговците со луѓе оперираат преку сомнителни агенции за вработување, туристички агенции, компании за забава, или агенции за посредување на бракови.

Што се однесува до повлекувачките фактори постои побарувачка за специфични типови на работна сила во одредени индустриски сектори, и општа побарувачка за ефтина работна сила, која во поголем број се обезбедува преку мигранти со несигурен или никаков статус за работата или престој во земјата. Овие фактори не се новост, и миграциските текови постоеле со векови. Како и да е, глобализацијата и растечката разлика меѓу богатите и сиромашните разлики, фактот дека станувало се полесно луѓето да мигрираат и покрај тоа што имиграциските политики станаа мошне построги, како и развојот на новите медиумски технологии кои достигнуваат до милиони луѓе, се сите фактори кои го објаснуваат порастот во бројката на случаи со трговија на луѓе.

Република Македонија е во географскиот регион во кој е присутна трговијата со луѓе, и е идентификувана како земја на транзит и крајна дестинација. Во обидите за градење на единствен пристап на земјите на Југоисточна Европа за афирмирање на човековите права, но и за борба против транснационалниот организиран криминал, Република Македонија ги прифати сите релевантни документи на Обединетите Нации, Европската Унија, Советот на Европа и Пактот за Стабилност.

Имено, декларирајќи се само како земја на транзит и дестинација, во Македонија се занемари можноста за појава на други проблеми во врска со трговијата со луѓе, особено проблемот со внатрешната трговија со жени и деца, неговата тесна поврзаност со транснационалната трговија, како и испреплетеноста на трговијата со луѓе со други општествени проблеми како што се: проституција, работа на црно, питачење, бездомништво итн. Република Македонија како исклучително сиромашна земја, со околу 39% невработени најчесто млади луѓе, со голем број на деца питачи, бездомници, ги има сите предуслови за појава на внатрешна трговија со луѓе.

Овој труд е осмислен да обезбеди претставување на човековите права, на должностите на органите задолжени за спроведување на законот, но и тоа како невладините организации успешно да асистираат во јакнењето на стратегијата за превенција и сузбивање на трговија со луѓе, во спроведувањето на законот, во јакнењето на свеста за опасноста од овој вид криминалитет и во укажувањето на нужната помош на жртвите на трговијата со луѓе.

Во однос на методологија која е користена при изработка овој магистерски труд, во продолжение ќе бидат наведени методите користени при разработката на темата на овој труд. Имено, со оглед на тоа што трговијата со луѓе е криминалитет стар скоро колку и човештвотото, применуван е историскиот метод. Понатаму, при анализа на предностите и слабостите на казнената регулатива и правилата на казнената постапка и каков одраз има сето тоа врз егзистенцијата на луѓето денес, ќе биде употребен социолошкиот метод. Употребата на компаративниот метод е неминовна, со цел споредување на домашната законска

регулатива со регулативата на ЕУ, односно при разгледување на усогласеноста на домашните акти со меѓународните. Потоа, применет е и дијалектичкиот метод при разгледување на можностите за превенција и сузбивање на овој криминалитет. Додека пак, аналитичкиот метод е употребен во текот на изработката на целиот труд.

# I ДЕЛ

# Поимно определување на трговијата со луѓе

## 1. Дефинирање на поимот трговија со луѓе

Трговијата со луѓе, или неретко именувана како трговија со бело робје, е криминалитет со историска димензија. Се јавува во сите етапи од развојот на општеството, модификувајќи се и адаптирајќи се кон постојните услови. Трговијата со луѓе е призната како најлоша форма на ропство на модерното време, и е осудена како акт кој сериозно ги нарушува универзалните човекови права.

Во стариот и средниот век се јавува во форма на поробување на жените во војни и таквиот плен од завојувачките походи бил "на услуга на војските и војниците, но и терани во ропство заради продавање на јавните куќи што ги држела државата".[1] Тесната поврзаност на трговијата со луѓе со проституцијата упатува и на една друга форма на трговија со луѓе позната под името – храмска или световна проститција, појавена во третиот век од нашата ера, развиена од страна на црквата под изговор дека се врши во чест на боговите, изразувајќи ја на тој начин огромната преданост кон нив. Носејќи огромни приходи, овој вид на проституција, кој претставува предворје на трговијата со луѓе, го надминува раниот период од робовладетелското општество и го следи и натамошниот развој на општеството, притоа разграничувајќи се во свои понапредни облици.

Поимното дефинирање на појавата трговија со луѓе го следи трендот на сопственото збогатување. Паралелно со развивањето на начините на остварувањето на трговијата со луѓе и целите поради кои истата се прави, доаѓа и до продлабочување на теоретизирањето околу она што претставува појавата, нејзините карактеристики и причинители. Се продлабочуваат и изменуваат и постојните дефиниции и законски дескрипции. Она што претставувала терминологијата "трговија со луѓе" во меѓународните договори и конвенции во раните години на дваесетиот век, денес дополнително е развиено во посебен

[1] Арнаудовски, Стојановски, Трговија со луѓе-криминалитет, стр.85

меѓународно правен режим. При дефинирање на оваа појава, неминовно е за појдовна точка да бидат земени меѓународните акти, кои дополнувајќи ја постојано содржината на овој поим, согласно новите сознанија за неа, ги одредуваат основните нејзини елементи. Од нив се гледа дека при дефинирањето, секогаш се тргнува од поимот ропство, кој по својата содржина е поширок и во себе ја инкорпорира трговијата со луѓе. "Трговијата со луѓе првенствено претставува сериозно кршење на основните човечки права и слободи, особено правото да не се биде во ропски однос или ропска потчинетост, право на слобода и безбедност на личноста, забрана на суровиот и нехуман третман и слобода на движење."[2]

Во оваа насока, со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца – Anti trafficking Protocol – од 2000-та година, за првпат е постигната заедничка дефиниција која се однесува на овој криминалитет. Во овој протокол, трговијата со луѓе е разгледувана како современа форма на ропство која вклучува многу активности, како регрутирање, транспорт, трасфер, засолнување и прием на лица, притоа користејќи се со мноштво на средства на принуда – закана, употреба на сила, киднапирање, измама, залажување, употреба на моќ или состојба на немоќ и сл., заради разнолики намени (проституција, сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство, слугување, вадење на органи и сл.).[3] За Протоколот, подетално подолу во тезата.

Под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационален организиран криминал кој се состои од противправно остварување на економска или друг вид корист од продажба на мигранти, која се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредниците, како и разни видови на нивната

---

[2] Данаилов, Владимир, Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001, стр.1

[3] Согласно чл.3 од Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, усвоен со Резолуцијата А/РЕС/55/25 од 15.11.2000 година, на 55-тата седница на Генералното собрание на ОН. Република Македонија го потпиша овој Протокол, со кој се дополнува Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал, на 14 декември 2000 година. Во таа насока, Владата почна да презема практични мерки, како што се формирањето на Комисијата за сузбивање на трговијата со луѓе на 27 февруари 2001 година;

експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост.[4]

Трговијата со луѓе воопшто е криминалитет во кој организаторите се стекнуваат со енормно високи профити, особено поради фактот што на овој криминалитет тие надоврзуваат низа други криминални активности, како што се перењето пари, тргувањето со дрога и сл. кои им носат моќ, а пред се богатство. Токму ваквата карактеристика, потребата да се откријат повеќе сегменти, групи и келии, го прави тежок за откривање, превенирање и сузбивање. Трговијата со луѓе е олеснета поради проодните граници и напредните комуникациски технологии, доби значителен меѓународен обем и стана многу профитабилна. За разлика од дрогата и оружјето, луѓето можат да бидат ,,продавани" повеќе пати. Отварањето на азиските пазари, падот на Советскиот Сојуз и распадот на поранешна Југославија придонесоа за ваквата глобализација на овој криминалитет.

## 2. Етимолошко значење на синтагмата трговија со луѓе

Во нашата земја појавата на трговија со луѓе во значење и обем кој денес го има, е причина за непостоење не само на систематизирано научно значење за овој безбедносен проблем, туку и за непрецизност на негов единствен назив. Имено, во научната и стручната литература нема единствен назив за оваа појава. Така, може да се воочи употрба на термините бело робје, трговија со луѓе, трговија со човечки суштества, криумчарење на луѓе, криумчарење на жени и деца и слично. Оваа состојба резултира со конфузија во терминолошкото обележување на овие безбедносни појави и нивните елементи кои се карактеризираат со обележување на истите појави со различни термини, обележување на различни појави со исти термини, создавање непотребни синоними и хомоними. Затоа е неопходно да се разграничи значењето на термините кои можат да се сретнат во

[4] Сулејманов, проф.д-р Зоран, Криминологија, Скопје: Графос, Скопје, 2007, стр.147;

теоријата и праксата, а кои директно или индиректно се однесуваат на трговија со луѓе.[5]

Самата синтагма, трговија со луѓе, се состои од две именки: трговија и луѓе. Имено, трговијата претставува стопанска активност на размена на добра и купопродажба. Сите облици на трговија се регулирани со правни прописи, а нивните повреди повлекуваат одреден степен на одговорност на прекршителите. Најтешки облици на деликти на недозволена трговија се трговија со бело робје, трговија со оружје и опојни дроги.[6]

Луѓе односно човечки суштества – Според меѓународните договори, човекот со своето раѓање се стекнува со слободи и права кои се заштитени и чие загрозување е санкционирано како прекршочен или кривичен деликт.[7]

Под трговија со луѓе во етимолошки поглед се подразбира размена помеѓу купувач и продавач во која продавачот на купувачот со надомест го предава човекот или овозможува користење на одредени негови услуги.

Во нашата теорија и практика не постои единствен став околу самиот термин со кој се означува оваа безбедносна појава, подеднакво се користат синтагмите трговија со луѓе и трговија со човечки суштества. Имено, во секојдневната комуникација е поприкладно и вообичаено да се користи терминот трговија со луѓе.

## 3. Феноменолошки аспекти на трговијата со луѓе и малолетни лица

Историската димензија на тргувањето со лица придонела да, покрај застапеноста на трговијата со луѓе како криминалитет низ целокупниот развој на општеството, истиот и се модификува согласно, и во зависност, од општествените и економски односи кои владееле. Денес, најчест појавен облик на овој криминалитет е – трговијата на жени заради присилна проституција, почетно именувана како трговија со бело робје. "Во современото општество, како резултат

---

[5] Мијалковиќ, С. *Појмовно разграничење трговине људима и других сличних појава и терминолошких концепата*, Безбедност, бр.1, Београд, стр. 52-53.
[6] Бошковиќ, М, (1999) *Криминолошки лексикон*, Матица српска, Нови Сад, стр. 359-360.
[7] Ибид, стр.394.

на сексуалната искомерцијализираност во сите аспекти на животот, овој облик на трговија со луѓе претставува искористување на жената преку проституција, присилна проституција и други слични форми на криминал."[8]

Во продолжение следува табела во која се претставени разликите помеѓу трговијата со луѓе и проституција.

| ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ | ПРОСТИТУЦИЈА |
|---|---|
| • Има форми на **Присилба-закана - употреба на сила**<br>• Ограничување на **слобода на движење** со Одземени документи<br>• Конститутивен елемент на к.дело е **целта - експлоатацијата** | • Има **Доброволност -** сама одлучува до кога ќе дава услуги - нема принуда<br>• Има слобода на движење. Располага со лични документи<br>• Давање на сексуални услуги за надомест |

Многу автори укажуваат на тесната поврзаност која постои меѓу проституцијата и трговијата со луѓе и фактот што проституцијата, на еден начин, ја стимулира истата. Токму поради тоа, и се нагласува дека истата и не треба да се легализира.[9] Но, најважната одредница за поставување на разликата помеѓу трговијата со луѓе и проституцијата е доброволноста, која е карактеристична за проституцијата. Имено, сиромаштијата ја изродува проституцијата меѓу невработените млади жени, па легализирајќи ја може да се решат единствено некои проблем од санитарен и хигиенски карактер, за кои многу се зборува на глобално ниво, меѓутоа нема да придонесат да се сузбие присилната

---

[8] Биљали, проф.д-р Аслан, Меѓународните и националните аспекти на трговијата со жени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата, Трговија со луѓе- правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година, стр.6;

[9] Ibid, стр.13-16

проституција, напротив.[10] Жените од некои земји се примамуваат да ја напуштат сопствената земја и завршуваат како жртви на сексуалната индустрија во странство. Некои земји се јавуваат единствено како земји на транзит, преку кои се превезуваат жртвите, а многу други земји примаат странски државјанки кои станале жртви на сексуална експлоатација.[11]

Понатаму, во продолжение следува табела во која се претставени разликите помеѓу трговијата со луѓе и криумчарење мигранти.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

- **Легално,илегално или не-поминување на граница** Одземени документи
- **Принуда и повторлива експлоатација** Ограничено движење, контрола
- **Криминал над индивидуа**

**КРИУМЧАРЕЊЕ**

- **Илегално преминување на граница**
- Лажни или украдени документи
- Самоволно
- **Криминал против државата**

Имено, потребно е да се прави разлика помеѓу криумчарење мигранти и трговија со луѓе, затоа што тие впрочем се суштински различни. Имено, дефинициите на трговија со луѓе и криумчарење мигранти се наоѓаат во Протоколот на Обединетите нации за спрешување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено со жени и деца (Протокол за трговија со луѓе) и

---

[10] Жртвите полесно ќе потпаѓаат под влијание, полесно ќе се доведуваат до заблуда за *решавање* на своите проблеми и полесно ќе станат плен на креаторите на овој организиран криминал. Меѓутоа, играјќи ја улогата на клучна, но последна алка во овој синџир, ќе ја запознаат само темната страна од ваквата професија, која им носи физичка и психичка болка;

[11] http://www.interpol.int/public/thb/women/default.asp;

Протоколот на Обединетите нации против трговија со мигранти по копно, море и воздух (Протокол за криумчарење мигранти) [12] соодветно.

Во суштина, од дефинициите јасно произлегува дека криумчарењето на мигранти преставува чин на помагање во нелегално преминување на граница и илегален влез. Според тоа, криумчарењето секогаш содржи транснационален елемент и е главно насочен против интересите на државата, а не против поединецот.

Во случајот на трговија со луѓе, клучниот елемент е експлоатирачката цел. Трговијата ја вклучува намерата да се експлоатира одредено лице, и тоа во принцип без оглед на тоа како жртвата ќе стигне до местото на кое ќе се врши експлоатацијата. Во случаи кога се минуваат границите, трговијата може да вклучи легален како и илегален влез во земјата на дестинација, а може и воопшто да не вклучи преминување на граница. Чинот на криумчарење обично завршува со тоа што мигрантот пристигнува на своја дестинација, додека трговијата со луѓе вклучува континуирана експлоатација на лицето во некоја форма, со цел да се стекнат незаконски добивки за трошоците.[13]

Според напред изнесеното сметам дека поимното определување на трговијата со малолетни лица и трговијата со луѓе во целост, е само иницијален дел на она што треба да претставува борбата против овој криминалитет, заштитата од него и неговото сузбивање. Трговијата со луѓе низ целокупниот развој на општеството се модификувала согласно, и во зависност, од општествените и економски односи кои владееле. Денес, најчест појавен облик е трговијата на жени заради присилна проституција. Трговијата со малолетници е индустрија во развој. Еклоатацијата на деца во рамки на проституција, детска порнографија и слични активности претставува исклучително распространет вид на насилство во кој секоја година се вклучуваат околу милион деца кои се

---

[12] Протокол против криумчарење со мигранти на копно,море и воздух, кој преставува дополнување на Конвенцијата на ОН против транснационален криминал (стапи на сила на 28.01.2004г.)
Протокол за превенција сизбивање и санкционирање на трговија со лица,особено со жени и деца (стапи на сила 25.12.2003г.)

[13] Види ја веб страната на УНОДОК:www.unodoc.org/unodoc/trafficking_victim_consents.html;

принудуваат, киднапираат, продаваат и по пат на измама се вклучуваат во овие активности. Сметам дека причините поради кои доаѓа до тргување со лица се разновидни. Па од таму се раѓаат и разновидни и понови облици на овој криминалитет. Поради тоа сметам дека, неопходно е перманентно следење на сите појавни облици, старите и новите карактеристики на појавата трговија со луѓе, за да може да дојде до нејзино препознавање и разоткривање.

# II ДЕЛ

# Меѓународни аспекти на трговијата со луѓе

## 1. Меѓународниот карактер на трговијата со луѓе

Во насока на поуспешно справување со организираниот криминал, меѓународната заедница превземала голем број на иницијативи и активности со цел сузбивање на трговија со луѓе, како едена од најгрубите прекршувања на човековите права. Имено, можеме да заклучиме дека трговијата со луѓе е проблем со интернационални размери. Борбата во сузбивањето на овој криминалитет не може да се врами само во границите на една држава. Истата задолжително се рефлектира, најмалку, во соседните земји, а и пошироко. Токму од тие причини, неопходна е усогласеност на стратегиите во поглед на превенцијата и сузбивањето, во поглед на законодавствата и буквално на целиот тој феномен трговија со луѓе - што истиот претставува и како треба да биде третиран.

Од тука и денешниот интерес на меѓународната заедница, третирајќи ја ваквата трговија како сериозна форма на организиран криминал, кривично да се забрани и на единствен начин да се превенира, сузбива иказнува во сите земји. За таа цел, се изготвени мноштво на документи кои формираат унцирана правна рамка за поефикасна и поорганизиарана борба. "Водечката улога во спречувањето на овој феномен ја презема меѓународната заедница, со промовирање институции-лидери и тоа: во однос на легислативата – Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Советот на Европа (СЕ),Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), Меѓународната организација за миграција (ИОМ), Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), Меѓународниот центар за развој на миграциона политика (ИЦМПД) и други, политичко- безбедносни: Северoатланската Алијанса (НАТО), ОБСЕ, Европската Унија (ЕУ), Пактот за стабилност, Меѓународниот програм за криминални истраги (ИЦИТАП), Регионалниот центар за борба против

прекуграничниот криминал на Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа (СЕЦИ) и други, економски: ЕУ, Светската трговска организација (СТО) и други."[14] Паралелно со нив постојат и регионални центри преку кои се имплементираат стратегиите и програмите за сузбивање на трговијата со луѓе. Сепак, огромната улога во борбата против трговијата на невладините организации води кон тоа да постои потреба и од нивно меѓународно вмрежување за постигнување на подобри резултати особено во областа на заштитата и социјално реинтегративните програми.[15]

## 2. Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со луѓе

На меѓународно ниво, постои голем интерес за заштита на жената, како специфична жртва. Во прв план, се изготвувани документи кои ја обликуваат трговијата со луѓе исклучиво како трговија со жени. Во 1904, од страна на земјите кои подоцна ја чинат Лигата на Народите, е склучен *Меѓународен договор за сузбивање на трговијата со бело робје*[16] кој ( согласно член 1 од договорот) се однесува за жени и девојки кои се пренесуваат во странство од неморални причини. Шест години подоцна, во мај 1910 година, е донесена *Меѓународна конвенција за сузбивање на трговијата со бело робје*[17]. Како што е наведено во самата Конвенција, истата е донесена поради копнеж да се превземат што е можно поефикасни чекори за сузбивање на трговијата позната како "White Slave Traffic". Овие два меѓународни акта подоцна потпаѓаат под т.н Treaty Series, односно група на договори во рамките на Лигата на Народите, кои се однесуваат

---

[14] Стојановски, проф.д-р Трпе, Трговија со луѓе, Македонска ревизија за казнено право и криминологија-седмо редовно советување на тема: 10 години од примена на Кривичниот законик на Република Македонија, Охрид, 2006 година, стр.375;

[15] Подетално Данаилов, Трговија со луѓе-криминален бизнис со робовладетелски лик, стр.52-53

[16] International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic, League of Nations Treaty Series, vol. I, No. 11, p. 83,Paris, 1904, достапен на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/whiteslavetraffic1904.html;

[17] International Convention for the Suppression of the "White Slave Traffic", League of Nations Treaty Series, vol. VIII, p. 278,Paris, 1910, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/whiteslavetraffic1910.html;

за оваа материја[18]. Во 1921 година Лигата на Народите ја донесуваат и *Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца*[19].

Преку овие меѓународни акти се гледа растењето на потребата од заштита на сите малолетни лица, и нивно подведување под посебен третман, различен од оној кај полнолетните жртви, како и потребата од посебно третирање на лицата кои се јавуваат како трговци со малолетни лица. Во 1933 година Лигата на Народите ја носи и *Конвенцијата за сузбивање на трговијата со возрасни жени*[20], а во 1947 година е донесен Протокол за дополнување на Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца од 1921 година, и на Конвенцијата за сузбивање на трговијата со возрасни жени од 1933 година, со која досегашните функции и овластувања од оваа област се префрлаат на Обединетите Нации.

Во 1949 година е донесена *Конвенцијата за забрана на трговија со луѓе и искористување на други за проституција*[21] од страна на Обединетите Нации, со што се прави обединување на претходно донесените документи од Лигата на народите во оваа насока. Ова се поважните документи кои се донесени на меѓународно ниво со цел сузбивање на трговијата со луѓе ( жени и деца ) која се врши заради сексуално искористување.

Од документите кои се донесени со цел за спречување на тргувањето и поробувањето на лица, во глобала, позначајни се: Конвенцијата против ропство, донесена 1926, која спаѓа во грпата на договори донесени од оваа област на

[18] Од страна на Обединетите Нации во 1949 година донесен е и Протокол за изменување и дополнување на претходно наведените акти;

[19] International Convention for the Suppression of the Traffic in Women and Children, League of Nations,1921, достапна на http://www.vilp.de/Enpdf/e158.pdf, истата е еден вид дополнување и измена на сè што е сторено на ова поле дотогаш, и се однесува и на земјите кои не зеле учество во претходно склучениот Договор и донесена Конвенција. Клучна измена која е воведена со оваа Конвенција е тоа што е проширен објектот на заштита. Веќе не се однесува само на жени и малолетни девојки, туку ги штити сите деца (независно од полот). Се врши и измена на Финалниот Протокол од Конвенцијата од 1910 година, со тоа што, таму, под точка Б, како границата за разграничување на малолетни и полнолетни девојки беше наведена возраста од дваесет години. Тука, во Конвенцијата од 1921 е поместена на возраст до дваесет и една година;

[20] International Convention for the Suppression of the Traffic in Women of Full Age, League of Nations,1933, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/women-traffic.html;

[21] Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and of the Exploitation of the Prostitution of Others, United Nations, 1949, достапна на http://daccessddsny.un.org/doc/RESOLUTION/GEN/NR0/051/36/IMG/NR005136.pdf?OpenElement;

Обединетите Нации[22], Дополнителната конвеција за укинување на ропство, трговија со робови, како и институции и пракси слични на ропство од 1956 година[23], Конвенција за укинување на присилна работа од 1957 година[24], Меѓународен пакт за граѓански и политички права од 1966 година[25], како и позначајната Конвенција за борба против транснационалниот организиран криминал[26] од 2000-та година на Обединетите Нации.

Создавањето на нова меѓународно правна рамка во спречувањето на трговијата со луѓе започнува токму со донесувањето на оваа конвенција, како и со, доста битниот, Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца. Протоколот[27], всушност, е израз за потенцирање на опасноста на трговијата со луѓе, но и како исклучително опасна форма на организиран криминал кој бележи нагорна линија.

## 2.1 Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со малолетни лица

Како најстара европска политичка организација, Советот на Европа има за задача да ги штити основните човекови права, да обезбеди остварување на принципите - владеење на правото, демократичност и слобода. Сепак, клучна е

---

[22] Slavery Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 212, No. 2861,1926, достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/slavery.htm;

[23] Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery, United Nations, Treaty Series, vol. 266, No. 3822,1956, достапна на *http://www2.ohchr.org/english/law/slavetrade.htm;*

[24] Convention concerning the Abolition of Forced Labour International Labour Organization Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 320, No. 4648, 1957, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/n0ilo29.htm;

[25] Согласно овој пакт секоја договорна држава се обврзува да ги почитува правата признаени во овој Пакт и да ги обезбеди истите за сите лица што се наоѓаат на нејзината територија и подлежат на владеачката сила на таа држава, без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политички и други ставови, национално и социјално потекло, имот, раѓање или друг статус. Член со кој се третира трговијата со луѓе е членот 8 од Пактот,според кој, никој не смее да биде држен во ропство или потчинетост, никој не смее да биде принуден да изведува принудна или задолжителна работа, достапен на http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Megjunaroden%20pakt%20za%20gragjanskite %20i%20politickite%20prava%20na%20covekot%20i%20gragjaninot.pdf;

[26] Convention against Transnational Organized Crime, United Nations,2000, усвоена од Генералното собрание на Обединетите Нации со резолуција 55/25 на 15 Ноември 2000 та година;

[27] За значењето на Протоколот за сузбивањето на трговијата со лица, подолу;

улогата која оваа организација ја има и во доменот на заштита на децата од тргување со нив и во напорите за сузбивање на ваквиот криминалитет. Имено, на 6-ти октомври 1987 година, на 15-тото заседание на Парламентарното собрание, е усвоена Препорака за трговија со деца и други форми на злоупотреба на деца[28].

Советот на Европа ја носи оваа Препорака тргајќи од фактот дека општеството е должно да ги следи најдобрите интереси на децата и истите да ги штити, а и поради постоењето на застрашувачка меѓународна трговија со нив заради проституција, порнографија, ропство и илегално посвојување. Со препораката и се укажува на потребата од усогласување на законодавствата на земјите членки во борбата против детската порнографија, и за потребата од донесување на строги закони за сузбивање на истата. Се поттикнува и политиката за откривање на потребите на децата на улица и напуштените деца, да се осуди секоја политика за комерцијален и индустриски натпревар заснована на искористување на детскиот труд и да се осигура да сите активност преземени на национално и интернационално ниво бидат од позитивно значење за сите деца ширум светот. Се препорачува да се подобрат и јавните служби кои работат за децата и нивната заштита.

Оваа препорака е само дел од активностите кои, на план на заштита на децата, ги има преземано Советот на Европа како политичка организација.

Во оваа насока е и Препораката од Комитетот на министри до земјите членки која се однесува за сексуална ексссплоатација, порнографија и проституција и трговија со деца и млади[29], усвоена на 9-ти септември 1991 година. Оваа препорака е донесена како резултат на сознанието дека добробитта на децата и младите е од фундаментално значење за општеството, дека сексуалното искористување на нив за профит, во форма на порнографија, проституција и трговија, има достигнато нова и алармантна димензија нанационално и

[28] Recommendation 1065 on the traffic in children and otherforms of child exploitation, Council of Europe, 1987, со која се упатува на Препораката бр. 1044 за меѓународен криминал,со која с
еповикуваат Владите на земјите членки да соработуваат во проучување на борбата против трговија со деца

[29] Recommendation No. R (91) 11 concerning sexual exploitation, pornography and prostitution of, and trafficking in, children and young, European Council, 1991, достапна на http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/victims/recR_91_11e.pdf;

меѓународно ниво, дека постои реална потреба да земјите членки на Советот на Европа ги хармонизираат своите законодавства од оваа материја со цел акциите кои се преземаат на национално и интернационално ниво да бидат по координирани и ефективни, имајќи ја, историемено, во предвид претходно наведената Препорака на Парламентарното собрание.

Сепак, најзначаен меѓународно – правен инструмент донесен во насока на сузбивање на трговијата со луѓе, поконкретно, трговијата со деца или кај нас именувана како трговија со малолетни лица е Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, донесен од страна на Обединетите Нации во 2000 година како надополнување на Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал. Во следната подточка од овој дел од магистерската теза следува поопширно за Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца.

## 3. Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца

*Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* е прв меѓународен документ кој содржи дефиниција на организирана криминална група и меѓународниот организиран криминал. Целта на Конвенцијата е да ја унапреди и да ја направи поефикасна соработката за превенција и борба против транснационалниот организиран криминал. Оваа Конвенција може да биде дополнета со Протоколи. Секој Протокол од оваа Конвенција ќе биде интерпретиран заедно со оваа Конвенција, имајќи ја во вид целта на тој протокол.

Обединетите Нации во 2000 година како надополнување на Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал, донесе *Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца.*

*Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца* е дел од *Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал*.

Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца е донесен со цел да се потенцира потребата од сеопфатен меѓународен пристап во борбата со трговијата со лица, особено со жени и деца во земјите на потекло, транзит и дестинација, кој треба да вклучува мерки за спречување на ваквата трговија, казнување на сторителите и помагање и штитење на жртвите, заедно со штитење на веќе постојните и признати меѓународни човекови права. Во воведниот дел од Протоколот се нагласува и значењето на самиот на меѓународната сцена, од причини што до неговото донесување, иако постои цела палета на меѓународни инструменти кои ја третираат материјата трговија со луѓе и кои содржат мерки и правила за борба со ваквата трговија, се нагласува, дека сепак не постои еден универзален инструмент кои ги опфаќа сите аспекти на трговијата со луѓе.

Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, се состои од четири дела: општи одредби, заштита на жртвите од трговија со лица, превенција, соработка и други мерки и завршни одредби.

Општите одредби содржат 5 члена кои се поврзани со корелацијата која ја има овој Протокол со примарната Конвенција против транснационален организиран криминал, неговото значење за нејзино надополнување и толкување. Членот 2 од Протоколот ги објаснува целите поради кои е донесен и кои треба да бидат реализирани со него: спречување и сузбивање на трговијата со лица, со посебно внимание на жените и децата како посебна категорија жртви, штитење и помагање на жртвите од ваквата трговија, со почитување на нивните основни човекови права, промовирање на соработка меѓу земјите членки со цел реализација на поставените цели и слично. Ваквите цели кои си ги имаат поставено државите-потписнички со самото потпишување на Протоколот, и сите мерки кои се обврзуваат да ги преземат за нивно реализирање, јасно укажува на

будноста на меѓународната заедница за проблемот на трговија со лица воопшто, и за градацијата на проблемот кога како жртви ќе се најдат жени и деца. Членот 3 упатува на објаснување на употребените термини во Протоколот. Тука се врши и поимно дефинирање на проблемот трговија со луѓе[30]. Согласно член 3, точка а, од Протоколот:

*Трговијата со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или со употреба на сила и други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување или со употреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнување на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација. Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум ја опфаќа експлоатацијата на проституацијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропство, слугување или вадење на органи.*

Согласно Протоколот се смета дека согласноста на жртвата во било кои од погоре наведените случаи е ирелевантна. Исто така делото, според Протоколот, ги вклучува и состојбите на доброволна проституција, која преку примена на разни мерки на воспоставување на зависност на проститутките се претвора во присилна проституција или во ропски однос. Нема влијание на доброволната проституција, но кога ќе се јават елементи на закана, присила, злоупотреба и слично се трансформира во присилна. Во поглед на малолетникот како жртва, според Протоколот истиот е подведен под терминот "дете" и ги опфаќа лицатапод осумнаесет годишна возраст. За нив се смета дека било какво нивно регрутирање, превезување, трансфер, засолнување или прифаќање за потребите на експлоатација ќе бидат сметани за трговија со луѓе дури и во случаи кога тие не се вршени на некој од начините предвидени во точка а од членот 3 од Протоколот. Протоколот ги воспоставува како казниви и обидите за извршување на ова дело и соучесништвото, организацијата или наредувањето на друг да го изврши истото.

[30] За разработка на дефиницијата за трговијата со луѓе во рамките на овој Протокол, види на стр.10 од овој труд, во делот поим и дефиниции на трговија со луѓе,

Во општите одредби се среќаваат и членови за опсегот на примената на Протоколот и за криминализација. Важно за Република Македонија од овој дел е обврската која за нас произлегува од членот 5 во кој на директен начин се одредува и дефинира проблемот на трговија со луѓе како посебно кривично дело. Со тоа е воспоставена и директна потреба од постоење на соодветна инкриминирачка одредба која ќе ја опфаќа појавата на делото недозволена трговија со луѓе, со акцент на кривичниот прогон на сторителите на делото.

Вториот дел, делот за заштита на жртвите од трговија со лица, содржи одредби за помош и заштита на жртвите, во поглед на зачувување на нивната приватност и идентитетот, обезбедување на нивна психичка, медицинска, социјална помош и за таа цел остварување на државите соработка со невладините организации, потоа вработување на жртвите, обезбедување на соодветно образование и слично. Помошта и заштитата на жртвите изразена преку овозможување на приватност, физичка и психичка заштита се посебно значајни за децата-жртви на овој криминалитет. Вметнати се и одредби за статусот на жртвите во земјите-потписнички, за условите и начинот на нивно враќање во татковината и слично. "Заштитата на жртвите подразбира востановување легитимна процедура за избегнување на моменталната депортација и нивно згрижување во објекти кои располагаат со потребни услови за престој. Во нив жртвите да добијат совети и информации за правата, медицинска, правна, социјална, материјална и друг вид помош, со цел безбедно да се репатрираат во матичната држава."[31]

Третиот дел е делот за превенција, соработка и други мерки кои треба да ги преземат државите-потписнички. Според Протоколот, превенцијата треба да се оствари со истражувања кои треба да ги спроведат државите, информирање на јавност, на службените лица и на самите жртви, активност на мас-медиумите, соработки со невладиниот сектор кој презема активности на ова поле, преку билатерални и мултилатерални соработки меѓу државите за отргање на сите оние предуслови и етиолошки фактори кои придонесуваат за едно лице лесно да

[31] Стојановски, Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија, стр.377;

потпадне под играта на трговците со луѓе (сиромаштијата, неразвиеноста, недостатокот на еднакви можности и сл), усвојување на силназаконска регулатива и слично.

Главно, превентивната политика вклучува сеопфатна превентивна политика и програми, спречување на повторна виктимизација, истражување, информативни кампањи, социјални и економски иницијативи и соработка со цивилното општество. Се наложува и зајакнување на граничната контрола и соработка меѓу државите кога некое лице преминува граница без патни исправи или пак користејќи туѓи патни исправи (сериозен знак дека се работи за трговец со луѓе или жртва на трговија со луѓе), да се врши контрола на документите и да се проверува нивната легитимност и валидност.

Завршните одредби се сочинети од членови кои се однесуваат за начинот на решавање на спорови настанати при толкување и примена на Протоколот меѓу потписничките, за ратификација, потпишување, прифаќање, одобрување и пристап кон Протоколот, негово влегување во сила, начин на дополнување, откажување од него и за јазиците и диспозитарот- Генералниот секретар на ОН.

Со овој Протокол се согледува дека трговијата со луѓе е комплексна материја на која треба да се одговори со ефикасни и ефективни мерки. Исто така, дава и нов приод кон проблематиката трговија со луѓе, самиот поим го дефинира како комплексен и повеќестран, ги комбинира традиционалните методи за контрола на криминалот, за покренување на истрага и за казнување на сторителите и за мерките на заштита на лицата жртви на трговијата.

Република Македонија на 12 декември 2000-та година, во Палермо, ја потпиша *Конвецијата против транснационалниот организиран криминал* со Протоколите донесени од страна на Обединетите Нации, со што беше потврдена подготвеноста на државата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал, преку зајакнување на меѓународната соработка и владеење на правото. На 28 септември 2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе законот за ратификација на Конвенцијата со Протоколите, со што истите стануваат составен дел од домашнето законодавство,

а особено значење добива Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца со кој се придонесува во заложбите за превенирање и сузбивање на овој криминалитет кај нас.

# III ДЕЛ

## Трговијата со луѓе во Република Македонија

Во овој дел од магистерскиот труд претставени се законската регулатива, програмите, стратегиите и процедурите како и улогата на поединечните институции во Македонија. Претставена е законската регулатива на Република Македонија во однос на сузбивањето на трговијата со луѓе и инкриминациите инкорпорирани во Кривичниот Законик со цел сузбивање на трговијата со луѓе. Понатаму во овој дел од тезата, Трговија со луѓе во Република Македонија, го објаснува мултидисциплинарниот одговор на релевантните институции и организации инволвирани со спречување и сузбување на проблемот. Претставени се специјализираните институционални механизми за борба против трговија со луѓе, кои се насочени кон обезбедување на координација на различните засегнати страни и пристап во кој жртвата е во прв план во борба против трговија со луѓе.

## 1. Законска регулатива на Република Македонија и сузбивањето на трговијата со луѓе

Република Македонија во однос на сузбивањето на трговијата со луѓе, е една од водечките земји на Балканот која има добра законска поставеност. Имено, Македонија има направено значително подобрување на казнената регулатива во однос на сузбивање на трговијата со луѓе, со што е чекор понапред од останатите земји во регионот. Македонското законодавство многу еволуираше во последните години, во поглед на инкриминациите инкорпорирани во Кривичниот Законик со цел сузбивање на трговијата со луѓе.

Во првиот кривичен законик на Република Македонија (во поранешниот социјалистички систем), не постоеше посебен член со кој е опфатено делото трговија со луѓе, како посебно кривично дело. Согласно на тоа, не постоеше ни

законска дефиниција за трговијата со луѓе и за тоа како би се казниле лицата што вршат такви дела, односно немаше инкриминација за ова кривично дело. Имено, првиот кривичен законик на Република Македонија е усвоен од Собранието на Р.М. на 27 јули 1996 година и се применува од 1 ноември 1996 година.[32]

Следејќи го трендот на промените на меѓународната сцена и носењето на голем број на меѓународни договори и акти кои ги штитат човековите слободи и права, Република Македонија направи промена и дополнување на Кривичниот законик во 2002 година[33]. Кривичното дело трговија со луѓе беше воведено во македонското законодавство со амадмани и дополнувања на Кривичниот законик (25 јануари 2002 год) како дел од членот 418 – а, во чиј прв став беше опфатена првата законска дефиниција во Република Македонија за ова дело, според која трговија со луѓе е на сила или со сериозна закана или други форми на присилба, грабнување, измама, злоупотребување на сопствена положба или состојба на немоќ на друг, или со давање или примање на пари или друга корист за добивање согласност на лице кое има контрола над друго лице, врбување, превезување, купување, продавање, засолнување или прифаќање на лица заради сексуална експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа, слугување, ропство или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело. Скоро непроменет, ваквиот законски опис на делото постои и денес во нашиот Кривичен законик.

Во поглед на заштитата на малолетни лица интересно е тоа што, се користат двата термина – деца и малолетни лица, кои во ставот 2 од членот 418 – а се ставени алтернативно, што значи дека се прави разлика помеѓу деца жртви и малолетни лица жртви на трговија со луѓе, па согласно тоа делото може да биде извршено врз дете или врз малолетно лице, а не постои законско објаснување за различниот опфат на овие два термина. Но, покрај мноштвото аномалии и недостатоци кои ги има Кривичен законик по оваа измена и надополнување од

[32] Службен весник на РМ 37/96 од 29 јули 1996 година,
достапен на http://www.moepp.gov.mk/WBStorage/Files/KRIVIcen%20zakonik.pdf;
[33] Службен весник на Р. Македонија, бр.04/02 од 25.01.2002 година;

2002 година, сепак со неа е превземан сериозен и значаен потфат за државата во поглед сузбивањето на трговијата со луѓе на нашата територија.

Во март 2004 година беа направени надополнувања и измени на Кривичниот законик.[34] Имено, амадманите од 2004 година се однесуваат на параграф 1 од членот 418-а, и нудат попроширена листа на формите на експлоатација како *експлоатација на преку проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работаа или слугување, ропство, принудни бракови, принудно оплодување, незаконско посвојување, или слични односи или нелегално трансплантирање на човечки органи.* Амадманите од 2004 година од Кривичниот законик на Македонија, како дополнување на воведувањето на кривичното дело трговија со луѓе во членот 418-а, исто така воведуваат две нови кривични дела – *Криумчарење мигранти* во членот 418-б и *Организирање групи и поттикнување трговија со луѓе и криумчарење мигранти* во членот 418-в. Значи, покрај менувањето на членот 418-а, додадени се и нови два члена кои ја регулираат материјата за криумчарење на мигранти и организирањето на група и поттикнувањето на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

Меѓутоа, она што е значајно да се спомене, е заострувањето на казните за лицата кои учествуваат во вршењето на делото над малолетник (според тогашната терминологија – деца и малолетни лица). Иако сè уште не доаѓа до сепарација на ова дело од основниот облик, сепак заострувањето на казните јасно укажува на будноста и свесноста на државата за големината на проблемот.

Со измените на Кривичниот законик на Република Македонија во јануари 2008 година е воведено ново кривично дело *Трговија со млолетно лице* со член 418-г со што е даден посебен акцент на заштитата на малолетните жртви на трговијата со луѓе и гонењето на сторителите каде што минималната казна предвидена за ова кривично дело е осум години.[35] Измените на Кривичниот законик во 2008 година во целост беа во духот на меѓународните потреби за поставување солидна основа за сузбивање на трговија со луѓе во сите нејзини

[34] Службен весник на Р. Македонија, бр.19/04 од 30.03.2004 година;
[35] Службен весник на Р. Македонија, бр. 7/08 од 15.01.2008 година;

појавни облици. Впрочем, се направи неопходна дистинкција меѓу трговијата со луѓе и трговијата со малолетни лица.

Во септември 2009 година беа направени измени на Кривичниот законик, на членовите 418-а, б и г.[36] Имено, во членовите *трговија со луѓе*, *криумчарење мигранти и трговија со малолетни лица* се внесоа одредби за квалифицирани облици на делата со оглед на карактеристиките и својствата на сторителот. Понатаму, предвидено е построго казнување доколу сторителот е службено лице кое делата ги врши во вршењето на службата. Впрочем, за трговија со луѓе, во овој случај, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку осум години, а за криумчарење мигранти и трговија со малолетни лица најмалку десет години затвор.

Значи, со Кривичниот законик се инкриминирани дејствијата на трговија со луѓе и криумчарење мигранти во главата триесетиичетврта која ги содржи кривичните дела против човечноста и меѓународното право, односно со одредбите на кривичните дела:

- трговија со луѓе (член 418 – а),
- криумчарење мигранти (член 418 – б),
- организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти (член 418 – в),
- трговија со малолетно лице (418 - г ).

Со овој Кривичен закон, Република Македонија цеосно ги исполнува минималните стандарди за елиминација на трговијата со луѓе. Имено, законите кои го санкционираат кривичното дело трговија со луѓе се компатибилени со меѓународните документи.

Согласно трендот на промените на меѓународната сцена и носењето на голем број на меѓународни договори и акти кои ги штитат човековите слободи и права, а кои нашата држава ги прифати како важни, доаѓа и до промена и дополнување на Кривичниот законик. Значителните подобрувања на казнената

[36] Службен весник на Р. Македонија, бр.114/09 од 14.09.2009 година

регулатива која го опфаќа овој криминалитет ја подигнаа борбата со истиот на едно повисоко ниво и придонесоа да земјата биде оквалификувана како земја која ги исполнува минималните стандарди за борба со трговијата со луѓе, со што е чекор понапред од останатите земји во регионот. Македонија е една од ретките земји во регионот, заедно со Хрватска, која успева да го спроведува во пракса подобреното законодавство.

Македонското законодавство многу еволуираше во последните години, во поглед на инкриминациите инкорпорирани во Кривичниот Законик со цел сузбивање на трговијата со луѓе. Во суштина, дојде до прецизирање на членовите и заострување на казните за сторителите. Она што порано беше оскудно орудие за борба со овој криминалитет негативно оценето на меѓународната сцена, сега е трансформирано во детална, сестрана подлога на која сериозно може да се потпре практичното сузбивање на трговијата со живи човечки суштества.

Во последните неколку години, Република Македонија очигледно постигна значаен напредок на законодавен план во однос на борбата против трговијата со луѓе и нелегалната миграција. Така, трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти и организирањето на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти се веќе дефинирани како посебни кривични дела во казненото законодавство.

Казните предвидени за сторителите на овие кривични дела се во согласност со меѓународните стандарди, казнив е обидот за сторување, а предвидена е и кривична одговорност за лицата кои користат сексуални услуги од лица за кои знаат дека се жртви на трговија со луѓе, предвидена е кривична одговорност за правните лица, но и одземање на предметите и средствата употребени за извршување на делото. Се направија измени на законодавството во насока на воведување на институтот заштита на сведоци, постои можност за надомест на штета за жртвите.

Жртвите на трговија со луѓе се идентификуваат како такви, а не како илегални имигранти, што придонесе за нивен третман, помош и заштита во согласност со меѓународните стандарди, вклучувајќи го тука и воспоставувањето

на можноста за издавање дозволи за привремен престој за жртвите на трговијата со луѓе.

## 2.Институционална рамка на Република Македонија за борба против трговија со луѓе

Соработка помеѓу различни фактори може најдобро да се обезбеди преку формализираните механизми и процедури кои ќе креираат посветеност и јасна распределба на улогите и задачите на институциите кои се вклучени. Република Македонија од 2001 година има развиени специјализирани институционални механизми за борба против трговијата со луѓе. Тие се насочени кон обезбедување на висока координација на различните засегнати страни и пристап во кој жртвата е во прв план во борбата против трговијата со луѓе.

Имено, од причини што трговијата со лица се спротивставува на основните одредници и постулати на Република Македонија за заштита на основните човекови слободи и права, значи сурова повреда на фундаменталните принципи и вредности на кои е издигнат нашиот уставен поредок. За уредување на оваа материја, Владата на Република Македонија има донесено Одлука во 2001 година за формирање на *Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.*[37]

### Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Националната комисија е меѓуминистерско тело составено од преставници на: Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Основно јавно обвинителство за гонење на организи криминал и корупција, судија од Основен суд 1, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство и Царинска управа на Република Македонија.

[37] Одлука објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 18/2001;

Националната комисија има за задача да врши:

- Мониторинг и анализа на состојбите во врска со трговијата со луѓе и илегалната миграција;
- Координирање на активностите на надлежните владини институции;
- Соработка со релевантни меѓународни организации и здруженија на граѓани. [38]

**Секретаријат на Националната комисија**

Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, во 2003 година формира Секретаријат, кој преставува нејзино извршно тело. Ова тело работи под надлежност на Комисијата и е одговорно за прифаќање и имплементација на одлуките на Националната комисија кое вклучува претставници на меѓународни организации, невладини организации, амбасади и владини тела. Во Секретаријатот членуваат преставници на меѓународни организации, здруженија на граѓани и експерти од владините институции: МВР, Американска амбасада, ИОМ, "Отворена порта", За среќно детство", "Семпер", "Езерка"- Струга и Црвен крст на Република Македонија.

**Подгрупа за борба против трговијата со луѓе**

Во декември 2003 година во рамки на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, е етаблирана Подгрупа за борба против трговија со деца, која превзема активности во насока на заштита на децата во Македонија од трговија и експлоатација, зајакнување на заштитата на малолетните жртви на трговија со луѓе и координирање на соработката помеѓу членките на Подгрупата. Во суштина, целта на формирањето на Подгрупата за борба против трговијата со луѓе е да се приспособи работата на комисијата кон потребите на оваа чувствителна категорија жртви, и да се стави посебен акцент

[38] Превземено од официјалниот сајт на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, About the commision, http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/;

на превенцијата на трговија со деца и подобрување на заштитата на малолетните жртви.

### Национален известувач во Република Македонија

Националниот известувач за трговија со луѓе во Република Македонија, е воспоставен по предлог на Националната комисија, а назначен е од страна на Владата во 2009 година.[39]

Според својот мандат, националниот известувач е одговорен за:

- Надгледнување на севкупните активности за борбата против трговијата со луѓе;
- Собирање и анализа на податоци (калитативни и квантитативни информации) од релевантните партнери;
- Мониторинг и евалуација на имплементираните активности по НАП;
- Донесување заклучоци и давање препораки за подобрување и усовршување на борбата против трговијата со луѓе во однос на имплементацијата на закони, политики за подобар институционален одговор и препораки иза ревизија на стратешките цели, и
- Изготвување на годишен извештај.

Досега, националниот известувач има изготвено извештаи за 2009 година, 2010 година и 2011 година кои се однесуваат на состојбите на борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција и се доставени до Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција, како и до пошироката јавност.

[39] Одлука на Владата објавена во Службен весник на РМ бр.23 од 19 февруари 2009 година.

**Канцеларија на националниот координатор**

Канцеларијата на националниот координатор е сместена во рамките на Министерството за внатрешни работи и почна да работи во април 2007 година со поддршка од мисијата на ОБСЕ со цел да обезбедува техничка и логистичка поддршка на Националната комисија.

Имено, Канцеларијата на националниот координатор располага со специјлаизирана литература/библиотека со публикации за трговијата со луѓе и илегалната миграција за Р. Македонија, земјите од Југоисточна Европа, како и земјите од целиот свет.

Во 2009 година канцеларијата на националниот координатор е институционализирана, со што се зајакнати капацитетите на Националната комисија и националниот известувач за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.

**Национален механизам за упатување (НМУ)**

Основата на механизмите на борбата против трговијата со луѓе е Националниот механизам за упатување на жртви на трговијата со луѓе, кој е основан во 2005 година со поддршка на мисијата на ОБСЕ во Скопје, и функционира во рамките на Министерството за труд и социјална политика.

Мандатот на Националниот механизам за упатување е да обезбеди адекватна идентификација, помош и заштита, засновани врз меѓународните стандарди за човекови права за жртви на трговија со луѓе, особено малолетни лица и без оглед на националноста, етничката припадност, возраста или полот. Националниот механизам за упатување ја опфаќа координативната канцеларија и вкупно 61 професионалец од 30 центри за социјална работа низ Македонија, како и еден преставник од Заводот за социјални дејности. Професионалците од Националниот механизам за упатување тесно соработуваат со МВР, со релевантни преставници од здруженија на граѓани и други засегнати страни во

процесот на упатување и помош на жртвите на трговијата со луѓе. Успешната соработка овозможува систем на упатување без недостатоци.

Во јануари 2010 година, беа развиени стандардните оперативни процедури под надлежност на канцеларијата на Националниот механизам за упатување, коишто беа усвоени од Владата, со цел да се дефинираат принципите, актерите и нивните одговорности во севкупниот процес на помош, заедно со упаставата за соработка помеѓу актерите на локално, национално и транснационално ниво.

**Државна комисија: Насочување на работата на Министерствата**

Со цел да се добие правда за жртвите на трговијата со луѓе, Владата на Р.Македонија обезбедува медицинска помош, програми за реинтеграција и социјално осигурување за нив. На овој начин борбата против трговијата на луѓе се одвива со помош на вклучувањето на различни институции на различни нивоа од процесот. Сите овие институции играат важна улога во процесот на спречувањето на трговијата со луѓе. Институциите треба да работат интергрирано ако сакаат да се справат со овој проблем. Затоа, институционалната поставеност е важна и треба да биде насочена кон обезбедување на потребната интеграција.

Во Република Македонија, Министерството за внатрешни работи ги контролира граничните премини, заедно со Царинската служба, но истотака е и надлежно за спроведувањето на законите од Кривичниот Законик на целата територија на Република Македонија.

Министерството за труд и социјална политика има за задача редовно да извршува строги инспекции на различните бизниси со цел да се осигура дека не се случува експлоатација од било каков вид. Дополнително, ова Министерство треба да обезбеди програми за реинтеграција кои би им помогнале на жртвите. Министерството за правда, пак, ја подготвува правната рамка и е надлежно за сведоците, како и за процесирањето на случаите.

Министерството за образование е институција која има значајна улога и која ја подига јавната свест за ваков вид на криминал. Понатаму, Министерството за здравство ја обезбедува потребната здравствена помош.

Државна комисија дејствува како чадор, истовремено спојувајќи различни институции кои треба да произведат интегриран склоп на активности против делата кои се подведуваат под трговија со луѓе. Највисоката инстанца во Државната комисија е Државниот секретар кој ја координира работата на комисијата.

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе се спроведува преку Државната комисија, формирана со владина одлука (објавена во Службен весник, бр. 18/2010). Во согласност со оваа одлука Државната комисија ги има следниве задачи:

- Да ја анализира ситуацијата поврзана со трговијата со луѓе и нелегалната миграција, и да ги надгледува мерките кои се превземаат;
- Да го координира активностите на соодветните институции;
- Да соработува со меѓународни организации и невладини организации кои се вклучени во процесот на решавање на овој проблем во регионот;

Обидите на Државната комисија да го спречи ваквиот вид на трговија се засновани на постоечката легислатива, како и на два важни документи кои Комисијата ги подготви и усвои: "Стандардни Оперативни Процедури" и "Практики за справување со трговија со луѓе".

*Стандардни Оперативни Процедури* се однесува на следните подрачја:

- Идентификување на жртвите на трговија со луѓе;
- Правниот статус на жртвите на трговија со луѓе;
- Враќање на жртвите во нивните матични земји;
- Пружање помош на жртвите на трговија со луѓе пред да се вратат во нивните матични земји;

- Обезбедување на помош преку реинтеграција на жртвите по нивното враќање во матичната земја;
- Судски процеси во кои жртвите се вклучени како сведоци;

Овој документ се состои од 5 дела: Идентификување и давање информации, Почетна помош, Враќање, Реинтеграција и Законски процес. Во секој од овие се содржат корисни информации и се дава одговорот на следните прашања:

- Кои мерки треба да се превземат;
- Кога треба да се превземат соодветните мерки;
- Кој е одговорен за овие мерки; и
- Како ќе бидат спроведени соодветните мерки и како владините институции и организации од граѓанскиот сектор ќе го помогнат процесот на ова спроведување.[40]

Документот "Практики за справување со трговијата со луѓе" преставува иницијатива на Меѓународна организација за миграции (ИОМ), институција која има мошне богато искуство во борбата против трговијата со луѓе. Овој документ може да се гледа како практичен правилник за обука на граѓанските службеници, судиите и вработените во невладиниот сектор и посебно ги истакнува човековите права и статусот на жртвата по нивното идентификување. Целта на овој правилник е да се зголеми нивото на професионализам и да се подигне етичкото однесување на соодветните луѓе. На ваков начин, законот ќе се спроведува, додека пак луѓето ќе бидат свесни за тоа што е правилен третман кон жртвите на трговија со луѓе.[41]

[40] Државна комисија 2009б
[41] Државна комисија 2009ц

Органограм на Секретаријатот при Националната Комисија за борба протв трговија со луѓе и нелегална миграција



Од приложениот органограм на Секретаријатот при Националната Комисија за борба протв трговија со луѓе и нелегална миграција може да се види дека Република Македонија има формализирани механизми и процедури, кои креираат јасна распределба на улогите и задачите на институциите кои се вклучени. Република Македонија има добро развиени специјализирани институционални механизми за борба против трговијата со луѓе. Имено, тие се насочени кон обезбедување на висока координација на различните засегнати страни и пристап во кој жртвата е во прв план во борбата против трговијата со луѓе.

**Човечките ресурси во институциите задолжени за трговија со луѓе**

Човечките ресурси располагаат со знаење, кое е неопходно за извршување на работните активности и развој на една институција, организација. Тие поседуваат иновациски квалитети, интелектуални, биолошки и физиолошки потенцијали, без кои не може да се одвива деловниот процес. Прибавувањето на овој ресурс и неговото ангажирање е клучна задача на менаџментот на една институција.

Менаџментот со човечки ресурси не само што претставува препознатлива научна дисциплина, туку и истовремено е и многу важна деловна и управувачка функција во една организација, институција. Функцијата на менаџментот со човечки ресурси ја сочинуваат цела низа на различни активности насочени на персоналните аспекти на управувањето со луѓето во институцијата., а кои со тек на време постепено се развиваат согласно потребите на праксата.

Функцијата на управување со човечки ресурси во една институција опфаќа голем број на различни активности насочени на различните аспекти на вработените во институцијата:

Анализа на работењето- процес на прибирање на релевантни информации за работите и дефинирање на знаењата, вештините и потребните способности за извршување на одредена работа;

Планирање на понудата и побарувачката на човечки ресурси – процес во кој врз основа на антиципирани промени во интерното и екстерното опкружување се предвидуваат потребите за човечки ресурси;

Регрутирање на кандидати за испразнетите работни места – процес на привлекување на квалификувани кандидати во таков број кој на институцијата ќе и овозможи да ги избере најдобрите за пополнување на испразнетите работни места;

Селекција на кандидати – процес во кој се врши избор помеѓу пријавените кандидати за одредена работа и се донесува одлука за вработување, односно одбивање на кандидатите;

Обука на вработените – процес насочен на промените во специфичните занимања, способностите, вештинити, ставовите и однесувањето, која има за цел подобрување на перформансите на вработените на нивните работни места или на некое поврзано работно место;

Развој на вработените – процес на создавање на можности за учење како би можело да им се помогне на вработените во нивниот личен развој и подготовка за идните барања на работа или развојот на кариерата;

Оценка на перформансите на вработените – процес во кој се оценуваат индивидуалните продонеси на вработените во остварувањето на целите на институцијата во даден временски период;

Надградување на вработените – креирање и администирање на системот на директните и индиректните заработки на вработените (платени отсуства и сл);

Работни односи – почитување на законските прописи во областа на трудот и работните односи;

Заштита на здравјето и сигурноста на вработените – преку унапредување на работните услови, програми за намалување на стресот, намалување на незгодите на работа.

Владините институции кои директно го третираат проблемот на трговија со луѓе се Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука. Но, тоа не значи дека и други институии не се вклучени во самиот процес на сузбивање на трговијата со луѓе. Пример во Националната комисија која е меѓуминистерско тело составена е од преставници на: Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Основно јавно обвинителство за гонење на организи криминал и корупција, судија од Основен суд 1, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство и Царинска управа на Република Македонија.

Улогата на човечките ресурси е пресудна во работењето на секоја институција. Од управувањето со човечките ресурси зависи третманот на луѓето во институцијата и со тоа нивната посветеност во остварувањето на целите во работењето.

Капацитетите, талентите, вештините и знаењата на вработените се приоритетен ресурс на институциите во Република Македонија. Секој вработен има значајна улога преку која придонесува за успешно и непречено работење на претпријатието, без разлика на тоа во кој дел од хиерархијата се наоѓа или кои работни обврски ги исполнува.

Изборот на оние кои ќе бидат вработени во државна институција се врши преку јавен оглас. Така што најдобриот кандидат, кој ги исполнува потребните услови за работа во односната институција се вработува. Во државните институции постои можност за развој на вработените, односно процес на создавање на можности за учење. Постојат различни обуки на вработените, процеси насочени на промените во специфичните занимања, способностите, вештинити, ставовите и однесувањето, која има за цел подобрување на

перформансите на вработените на нивните работни места или на некое поврзано работно место;

Сите овие институции играат важна улога во процесот на спречувањето на трговијата со луѓе. Но, институциите треба да работат интергрирано ако сакаат да се справат со овој проблем. Затоа, институционалната поставеност е важна и треба да биде насочена кон обезбедување на потребната интеграција.

Поради бирократијата на институциите во Република Македонија, се појавува опасноста од неефективното справување со проблемот сузбивање на трговија со луѓе и малолетни лица. Сметам дека и затоа е формирано специјално координативно тело, односно Државната комисија која на одреден начин ги спојува различни институции кои треба да произведат интегриран склоп на активности против делата кои се подведуваат под трговија со луѓе.

# IV ДЕЛ

# Процесот на трговија со луѓе

## 1. Определување на термините: трговец со луѓе и жртва на трговија со луѓе

*"Ако сте примамени во друга држава*
*со ветувања за добра работа и подобар живот,*
*но наместо тоа сте присилени на проституција и принудна работа,*
*ако треба да молчите за тоа,*
*бидејќи вам или на вашето семејство ви се закануваат,*
*без сомнение сте жртви на трговија со луѓе "*

***Joy Ngozi Ezeilo,***
***специјален известувач на ООН за трговија со луѓе***

Трговијата со луѓе е меѓународен проблем и претставува модерна форма на ропство. Имено, трговијата со луѓе се спротивставува на основните одредници и постулати за заштита на основните човекови слободи и права, што значи сурова повреда на фундаменталните принципи и вредности на кои е издигнат уставен поредок на едно општество, држава. Процеот на трговија со луѓе се извршува од мажи и жени, од најразлични возрасти и најразлично потекло, кои оперираат во најразлични степени на организација, и поради тоа многу е тешко да се прават обиди за премногу голема прецизност во определувањето на профилот на денешниот трговец со луѓе.

Впрочем, трговците со луѓе се организираат на најразлични нивоа, од индивидуалци или помали групи со неформални криминални контакти до крајно комплексни, меѓународни организирани криминални мрежи. Бидејќи криминалот

на трговија со луѓе е ниско ризичен и високо профитабилен криминал, особено кога крајната цел е сексуална експлоатација, се повеќе станува очигледно дека сите аспекти на овој криминал се добро контролирани од организираните криминални групи.

Според Законот за кривична постапка жртвата на трговија со луѓе е: „Жртва на кривично дело е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело."[42]

Возраст на жртвата на трговија со луѓе: Во самиот процес на трговија со луѓе, при што основна цел е сексуална експлоатација на жртвите, трговците со луѓе имаат тенденција да не тргуваат со жртви постари од триесет години бидејќи побарувачката на клиентите за нив е помала. Истото општо правило може да се примени  и во случај на трудова експлоатација, бидејќи што постаро е лицето толку се помали и трудовите капацитети кои можат да се искористат од истото. Исто така, постарите лица не се во можност да го издржат огромниот товар кој им се наметнува во експлоатирачките работни услови. Од друга страна, колку што е помладо лицето толку е поголема веројатноста дека  случајот вклучува трговија со луѓе. Бројот на малолетници вовлечени во овој криминал се зголемува секоја година и тие се посебно барани од страна на трговците бидејќи можат да бидат експлоатирани на најразлични начини: сексуална експлоатација, нелегалниот пазар на трудот, питачење, ситни грабежи, друг вид на криминални активности, потоа домашно слугување, за трансплатација на органи, детска порнографија или педофилија.

**Пол**: трговијата со луѓе со цел сексуална експлоатација особено ги вклучува жените бидејќи хетеросексуалната проституција станува најголема и најпрофитабилна форма на експлоатација. Како и да е, трговија со машки лица со цел проституција, посебно со тинејџери и помлади момчиња, почнува да се зголемува и не треба да се исклучи. Полот не е толку силен индикатор во однос

[42] чл.21, т.4 од Законот за кривична постапка Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година

на трговијата со цел трудова експлоатација, слугување или донација на органи каде што влијанието врз машките и женските лица е доста помалку дискриминирачки.

**Државјанство/место на потекло**: жртвите на трговија со луѓе односно нивната експлоатација е поврзана со различни фактори. Како фактори на експлоатација се наведуваат сиромаштијата, дискриминација и недостиг на можности. Така што можноста една жртва на трговија со луѓе да потекнува од богата индустријализирана земја не е толку веројатна. Жртвите најчесто потекнуваат од неразвиени земји. Сепак постојат и исклучоци, на пример во САД има доста голем број на внатрешна трговија со луѓе.

**Патни документи**: патните и другите документи за идентификација обично се одземаат на жртвите како дел од контролните механизми на трговците. Жртвите вообичаено нема да ги поседуваат своите документи иако истото може да се забележи и во однос на поголемиот дел на баратели или фалсификувани документи се многу честа појава во случаите на трговија со луѓе. Како и да е. Регионалните истраги покажуваат дека и криумчарените мигранти и жртвите на трговија со луѓе можат да патуваат со валидни и многу често ново – издадени документи. Во случај на машки лица мигранти, често се случува да имаат пасоши со слика на која тие носат кошула со вратоврска. Исто така, се случува да се сретнат и претпоставените жртви на трговија со луѓе или криумчарени мигранти кои поседуваат покани, понуди за вработување или договори за работа кои треба да бидат верификувани од страна на соодветните надлежни служби. Друга честа појава е поседување на пасоши со заменети фотографии: ова се документи кои се користат во мноштво патувања и од страна на многу лица, едноставно со заменување на сликата која е составен дел од документот. Документите (вклучувајќи ги и визите) можат да бидат оригинални, така што многу е важно соодветните службени лица освен верификување дали докуметот е украден, да ја проверат и конзистентноста на одговорите на сопственикот со детали содржани во пасошот (лични податоци како и податоци за бројот на визи и печати кои се наоѓаат во документот). На пример, доколку сомнителен документ содржи дозвола за престој во Германија, сопственикот треба да биде прашан во врска со тој

престој. Што е поспецифична визата или подолг периодот на престој во трета земја – одземен од датумите на влез и излез на печатите, толку поспецифични можат да бидат и прашањата. На пример, лице кое поседува сомнителен документ кој содржи дозвола за работа треба да може да ги наброи не само условите и типот на работа која ја извршувало во тој временски период, туку треба и да може да опише одредени детали во врска со земјата на престој. Друга варијанта на фалсификуван документ може да биде замена на страница, кога обично во целост се заменува странатa на слика и детали за сопственикот.

**Локација**: локацијата каде што е пронајдена жртвата или каде што престојувала непосредно пред доаѓање на полицијата е многу важна: бордел, агенција за девојки за придружба, места за трудова експлоатација како пазари, кујни во ресторани, земјоделски или градежни локации се често индикатори дека се случува експлоатација на луѓе. Како што е наведено погоре, во случај на странски жртви претходното место на престој може да биде утврдено со прегледување на документите на претпоставената жртва и проверка на печати за влез/излез, визи или дозволи за престој од оваа или други земји. Реконструкција на минатите движењеа на жртвата може да биде направена со следниот метод: всушност, криумчарените мигранти како и жртвите на трговија со луѓе се често држени "во орбита" одредено продолжено време, движејќи се од една земја во друга. На пример, мигрант кој нема документирана работна историја или неможе да обезбеди податоци за тоа, но во исто време има подолги престои надвор од својата земја на потекло, дефинитивно треба да биде подложен на понатамошна евалуација/проверка.

**Транспорт**:

**Превозно средство**: нај различни видови на превозни средства и методи се користат за да се транспортираат жртвите до местата на експлоатација. Додека транспортот на внатрешни жртви најчесто се случува со приватни возила, комбиња и такси, меѓународната трговија со луѓе за превоз може да вклучи и авионски превоз. Криумчарењето на мигранти често вклучува доста комплексни средства за превоз, на пример криење на мигрантите во скриените делови на

автобуси или комерцијани камиони, дури и во камиони со нафта, како што покажуваат некои последни регионални случаи.

**Придружба**: други индикатори за транспорт или трговија со луѓе вклучуваат докази дека лицето кое е пренесувано преку граници е постојано со придружба; мал број на жртви се обично водени од голем број на придружници и повисоко ниво на надзор како што се наближуваат кон идентификуваната дестинација/местото на експлоатација. Оваа зголемена супервизија може да биде побарана во случаи кога било релативно лесно да се измамат потенцијалните жртви во местото на потекло така што трговците се плашат дека како што групата се приближува до крајната дестинација, жртвите ќе осознаат дека ќе бидат експлоатирани. Зголемената супервизија преставува контролен механизам кој се применува во вакви ситуации.

**Број на лица:** потенцијалните трговци на луѓе транспортираат едно до две лица. Трговијата со луѓе е криминал на подземјето и затоа може да биде тешко да се идентификуваат жртвите на трговија со луѓе. Всушност, многу жртви не се во можност да го напуштат своето работно место без придружба и не смеат да ги контактираат своите семјства и пријатели. Како и да е, има некои индикатори, кои можат да го подигнат "црвеното знаме" дека лицето е жртва на трговија со луѓе. Индикаторот локација може исто така да биде гледан од друг агол: често, местата на експлоатација имаат силно обезбедување на просториите, прозорците се со решетки и електрична опрема за надзор или камери можат да се забележат однадвор.

## 2. Фази на трговија со луѓе

Трговијата со луѓе е процес кој се одвива низ три фази: регрутирање, транзит, експлоатација. Првата фаза во процесот на трговија со луѓе е фазата на регрутирање односно вовлекување во трговијата со луѓе. Регрутирањето многу често се врши со употреба на сила, закани и други физички форми на принуда. Следната фаза, после регрутирањето е транзитната фаза односно фазата на

пренесување на жртвите од еден град во друг или од една држава во друга. Во привремената замја на дестинација жртвите можат да бидат пренесени преку легални патишта користејќи сопствени или фалсификувани документи или преку криумчарска канали. Трговијата со луѓе не секогаш вклучува преминување на граници, доколку се остварува во рамките на границите на една држава тогаш станува збор за внатрешна трговија, а доколку се случува надвор од границите на една држава станува збор за транснационална трговија со луѓе. Сите претходно преземени дејства од страна на трговците на луѓе водат кон последната алка во процесот и имаат една единствена цел, а тоа е експлоатација. Независно за каков вид на експлоатација станува збор она што е заедничко за сите видови на експлоатација е дека таа секогаш се реализира во најсурови можни услови и сето она што го извршува жртвата за време на процесот на трговија со луѓе го извршува под присила и против своја волја.

**Регрутирање**

Во процесот на трговија со луѓе првата алка е фазата на регрутација. Во суштина, злоупотребувајќи ја невиноста и наивноста на младите луѓе кои сакаат да ја подобрат својата иднина, да видат нови места и да запознаат нови култури, трговците со луѓе секојдневно регрутираат нови лица во трговијата со луѓе.

Регрутирањето (вовлекувањето) во трговијата со луѓе се врши преку користење на различни методи како, на пример: лажни привлечни понуди за работа, лажни аранжмани за патување, склучување на лажни бракови па се до продавање на жртвата од страна на родителите/старателите, пријатели, познаници или непознати лица. Регрутирањето, исто така, може да се случи со употреба на сила, закани или други форми на принуда или пак, киднапирање.




Табела бр.1 Анализа на жртвите со луѓе[43]

Постојат четири основни начини на кои жените се подготвуваат во процесот на трговија со луѓе:

- Потполна присила како грабнување или киднапирање. Постои евиденција за застапеноста на овој начин во Албанија, Косово како и деловите на Азија;
- Измама со ветување за легално вработување. Жените се убедуваат дека ќе работат во канцеларии, ресторани, барови, семејства или дека ќе се омажат;
- Измами по пат на кажување на полувистина. Жените се уверени дека ќе работат исклучиво работа во забава, играње и стриптиз без дополнителни барања;
- Некои жени се потполно свесни дека со емигрирањето ќе работат во проституција. Меѓутоа тие не се свесни за начинот на кој ќе бидат задолжени, искористени, контролирани и заплашувани.[44]

[43] Данаилов Владимир, Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик,Структурна анализа на жртвите од трговија со луѓе кои беа предмет на асистенција на ИОМ во периодот од 9 август 2000 до 11 септември 2001 година,стр.19

Треба да се знае дека, до сега, Република Македонија официјално не се смета за земја на потекло на жртви на трговија со луѓе. Сепак ова не ја елиминира можноста Република Македонија да стане и земја и потекло посебно ако се има во предвид дека истите олеснувачко-наведувачките фактори веќе постојат во земјата.

**Транзитна фаза - превоз**

Следната алка во процесот на трговија со луѓе е фаза на пренесување на жртвите од еден град во друг или од една држава во друга. Најчесто причина за тоа е што пренесувањето на жртвите од местото на потекло во друго место им овозможува на трговците оттргнување на жртвата од нивната основна средина и познато опкружување и придонесува за поголема контрола врз нив.

При патувањето кое може да биде со преоѓање на меѓународните граници, меѓутоа и внатре во сопствената земја, жртвата исто така може да претрпи големи злоупотреби на човековите права, физичко малтретирање и останати кривични дејствија.

Имено, на многу жртви патувањето во странство им преставува прво искуство, бидејќи пред тоа никаде не ја напуштиле својата земја, па заради тоа стануваат потполно зависни од трговците со луѓе. Поедини жртви ја напуштаат својата земја без да поседуваат патна исправа, ако пак имаат патни исправи, истите им се одземени од страна на трговецот и задржани како средство за осигурување од евентуална постапка на жртвата и да се наметне послушност.

Жртвите кои веќе се нашле во таа тешка ситуација стануваат свесни за својот илегален статус, а заради тоа избегнуваат барање за заштита од страна на полицијата, како и заштита од државата, бидејќи таа би значела прекинување на процесот и враќање во суровата реалност и претходното опкружување од што жртвите и побегнале претходно. Транспортот на жени и девојки преку граница секако дека е есенцијалниот аспект на меѓународна трговија со луѓе. Во поголем број на случаи лицата се согласуваат на почетна зависност од трговците со луѓе

[44] Џорџевич Звонимир,Димовски Злате,Прирачник за трговија со луѓе

за услуга за набавување на документи и превоз на дестинација, а водејќи се во своите мисли дека по доаѓањето во саканата земја некако сами ќе се снајдат и ќе им се заблагодарат на своите "помагачи". Жртвите и не претпоставуваат во какви канџи на нивните помагачи западнале.

Голем број на жени е пренесен преку граница со приватни автомобили, автобуси и камиони кој нудат во принцип поголема флексибилност во однос на железнички или авионски превоз. Многу жртви исто така се трнспортирани од превозници за други релации кои имаат голем број на превозни средства како што се воздушни, автобуски, бродски и др.

Во својот извештај *Оценка на криминалот трговија со луѓе во Европска унија*[45], кој се однесува на проценување на трговија со луѓе, Европол ги опишува главните идентификувани географски рутикои се користат до одредени земји на Европската унија и физички средства за превоз кои се користат за секоја рута. Така главните рути се:

- Балтичка рута – од Русија и Балтичките морски земји, преку копно до обала, а потоа со помош на траект до Скандинавските земји. Исто така и ограничено копнено патување директно во Финска и Северна Шведска.
- Северна рута- Источна Европа преку Полска, Унгарија, Чешка, почетно во Германија, а потоа во Скандинавија. Таа рута исто така се користи како конечно одредиште за емигранти кои доаѓаат со авион од Далечен Исток, Африка и Јужна Америка.
- Централна рута – од европските централни држави користејќи добро изградена мрежа на патни правци за влез во Австрија и Северна Италија.
- Централна Балканска рута – од Кавказките држави, Азија, Југоисточна Европа преку Молдавија, Романија, Бигарија, Албанија почетно влегување во Европската унија преку Италија и Грција.
- Јужна рута – од Западна Африка преку Алжир и Мароко, преку Гибралтар со брод, а потоа почетно во Португалија и Шпанија,

[45] Еуропол,Crime Assessment Trafficing of human beings into the European Union,oktobar 2001.

- Западна рута - од Централна и Јужна Америка во Европска Унија преку Иберискиот полуостров. Таа рута исто така се користи како конечно одредиште на патувањето за емигранти кои доаѓаат со авион од далечен Исток, Африка и Јужна Америка.

Не е тешко да се заклучи дека конечната дестинација не е секогаш права земја на ЕУ на чија земја, лицата жртва за трговија стапнува, па затоа неопходно е да се изврши поделба меѓу интерни и екстерни рути. Запазено е дека во поедини мрежи на трговија со луѓе не мора секогаш да постои транзитна земја, а тоа се оние групи кои пред се се потпираат на транспортот на жртвите директно од земјата на потекло во земјата дестинација.

Евидентно е дека превозниците во тој процес имаат голема улога. Во глобала можат да се препознаат две категории превозници:

Прва група на превозници, која ќе го пренесе било кој патник кој има важечка карта и виза, а лицата на таа компанија ќе обезбедат и проверат дали целата потребна документација е во ред, пред да му дозволат на патниците да патуваат.

Втора, во ограничен број на случаи не врши контрола на проверка на патните документи, односно на нивна исправност и соодветност, туку првенствено се мотивирани од заработувачката, бидејќи исклучиво ги интересира дали патувањето е платено или не. Значи, не може точно да се потврди дали тие превозници се свесно замешани во криумчарењето.

Значи, во привремената земја на дестинација жртвите можат да бидат пренесени преку легални патишта користејќи сопствени или фалсификувани документи или преку криумчарски канали. Трговијата со луѓе не секогаш вклучува преминување на граници, доколку се остварува во рамките на границите на една држава тогаш станува збор за внатрешна трговија, а доколку се случува надвор од границите на една држава станува збор за транснационална трговија со луѓе.

**Фаза на експлоатација**

Сите претходно преземени дејства од страна на трговците на луѓе водат кон последната алка во процесот и имаат една единствена цел, а тоа е експлоатација. Експлоатацијата најчесто започнува да се извршува во местото на дестинација и овозможува остварување на најголемиот мотив на трговците на луѓе – стекнување на економски профит. Целта на трговците е остварување на профит преку експлоатација на други лица којашто може да се извршува на различни начини: сексуална експлоатација, трудова експлоатација, принудно питачење, принуда за извршување кривични дела, илегално посвојување, принудни бракови, трговија со органи или некој друг облик.

Различни целни групи повеќе или помалку се изложени на одреден вид на експлоатација. Така, на пример, жените најчесто се цел на сексуална експлоатација, домашно слугување, трудова експлоатација во работилници и фабрики, децата најчесто се цел на сексуална експлоатација или се принудувани да питачат додека пак мажите најчесто се експлоатираат за принудна работа во градежништво, земјоделство и сл.

Независно за каков вид на експлоатација станува збор она што е заедничко за сите е дека таа секогаш се реализира во најсурови можни услови и сето она што го извршува жртвата за време на процесот на трговија со луѓе го извршува под присила и против своја волја.

Жртвите на трговија со луѓе на почетокот доброволно ги прифаќаат *условите* кои што им се понудени од страна на регрутерите, меѓутоа, тие се измамени за крајната цел на патувањето и за видот на работата којашто треба да ја извршуваат. Најчесто кога ќе пристигнат на одредената дестинација жртвите на трговија со луѓе дознаваат што треба да работат или што се очекува од нив да извршуваат.

Со цел обезбедувањето на покорност, послушност и контрола врз жртвата трговците користат насилство (психичко, физичко и сексуално), уцени и заплашувања, закани (како понејзиниот живот така и по животите на нејзиното

потесно семејство), одземање на личните документи, изолација од средината, контролирање на движењето.



Најчест начин на контрола на жртвите е таканареченото должничко ропство. На жртвата и се укажува дека од страна на трговецот била исплатена одредена сума пари за патувањето во местото на дестинација, сума којашто се зголемила поради каматата и трошоците коишто секојдневно се трошат за нејзиното живеење. Жртвата постојано се држи во уверување дека штом се исплати износот може да се поврати на слободата.

## 3. Причини за трговија со луѓе

Постојат голем број на причини за појавата на трговија со луѓе. Имено, трговијата со луѓе функционира на принципот на *понуда и побарувачка*. Во суштина, значаен дел на страната на понудата на трговијата со луѓе се поттикнувачките фактори, односно оние фактори кои ја одредуваат позадината, ситуацијата поради која жртвите се спремни да ја прифатат можноста да се преселат на друга територија или земја, во потрга по подобри услови. Од друга страна повлекувачките фактори претставуваат преспективи кои им се нудат на жртвите во земјите на дестинација. Имено, причината поради која практиките слични на робство, како што е трговијата со луѓе, сеуште постојат во 21-от век во Европа, може, во најголема мера, да бидат објаснети со овие т.н. поттикнувачки и повлекувачки фактори.

Од една страна, во земјите на потекло постојат **поттикнувачки фактори**, како невработеноста, сиромаштијата, социјалната исклученост, ситуации на воени

конфликти и угнетување, недостаток на политичката, социјалната и економската стабилност, семејно насилство, половата дискриминација, недостаток на пристап до образование и информации и сл. Коишто влијаат на луѓето да мигрираат во некој друг град или држава во потрага по подобар живот или едноставно во борбата за опстанок.

Од друга страна, во развиените и богати земји, односно земји на дестинација, пак, постои голема побарувачка за евтини производи, евтина работна сила и евтини услуги (**повлекувачки фактори**). Организираните криминални групи наоѓаат свој интерес и можност за остварување на огромна заработка со поврзување на понудата и побарувачката.

Сите овие причини придонесуваат до зголемување на (желбата за) миграција, меѓутоа, во услови на ограничени можности за легална миграција поради бројните репресивни политики, луѓето користат разни криумчарски канали и посредници изложувајќи се на измама, насилство, злоупотреба и експлоатација.

Воедно, постојат и таканаречени универзални фактори коишто, исто така, имаат свој удел во развојот на трговијата со луѓе. Така, отсуство на информации за трговијата со луѓе како и вистинити информации за можности за патување и работа во странство, корупција на владините претставници во земјите на потекло, транзит и дестинација одговорни за борба против трговија со луѓе, непостоење на инкриминација на трговија со луѓе во одредени земји, или пак несоодветна казнена политика за сторителите, строгите визни и имиграциони режими, како и несоодветните капацитети на лицата коишто се задолжени да го спроведуваат законот и да ги контролираат границите доведуваат до олеснување на дејствувањето на трговијата со луѓе и зголемување на ранливоста кај населението.

Кога станува збор за трговија со луѓе неопходно е да се спомне нееднаквата изложеност на половите на горенаведените причини. Имено, жените се диспропорционално изложени на овие фактори. Зголемената побарувачка за работа во некои традиционални женски сектори на пазарот на труд како што е домашната работа, придружено од генералната побарувачка за ефтина работна

сила во услужната индустрија, која што вработува женска работна сила придонесуваат за зголемување на мобилноста и прифаќање на сомнителните понуди за работа.

Понатаму, децата спаѓаат во најранливата категорија на трговија со луѓе врз коишто силно влијание имаат семејното насилство, сексуалното искористување, родителската запоставеност, социјалната исклученост и вооедно придонесуваат за создавање на искривена слика за реалните вредности и уживање на човековите права. Иако не постојат точни статистики за бројот на тргувани деца, според Обединетите нации се проценува дека половина од жртвите на трговија со луѓе на деца.[46]



## 4. Трговијата со малолетни лица и трговијата со луѓе на Балканот

Државите на Балканот, поради специфичноста на местоположбата, особено Албанија, Србија, Косово и Македонија, меѓународно се познати како транзит-држави. Сепак, постои добар дел од жртвите, кој процентуално е скоро константен, и кој говори дека истите завршуваат на некоја од териториите на Балканските држави, па согласно тоа, би можело да се каже дека овие земји се и крајни дестинации на жртвите на трговијата со луѓе. Црна Гора, Србија, Албанија

[46] Повеќе информации на веб-страната htpp://www.unicef.org/protection/index_exploatation.html

често се споменуваат и како земји од каде потекнуваат жртвите на трговија со луѓе, посебно Србија кога станува збор за трговија со малолетни лица.

Сумирано, и покрај тоа што Балканските земји се среќаваат најчесто во контекст на "транзитни територии" за превезување на жртви, на нивната територија е застапен целокупниот проблем на она што претставува трговијата со лица. Поради тоа, за сузбивање на овој проблем, при долги дискусии на претставниците на властите на државите и на невладиниот сектор, секогаш се доаѓа до потребата за зајакнување на капацитетите и механизмите на државите како и јакнење на кадровските и техничките потенцијали на ова поле. Посебно проблематичен, меѓународно, се потенцира реонот на Западен Балкан, за што започнат е и проект "Граѓанските асоцијации како контролен механизам во борбата против трговија со луѓе во Западен Балкан "[47]. Грција, за сега, се смета дека е земја на дестинација на жртвите од Источна Европа и од Нигерија.

На државите од Западен Балкан, заради сузбивање на трговијата со луѓе, и со малолетни лица посебно, меѓународната заедница им препорачува, првенствено, да формираат листа на стандарди за идентификација на жртвите, да биде финансиски поддржан граѓанскиот сектор, со директна економска помош за жртвите (што досега не е сторено ниту во Македонија, ниту во Косово). Согласно меѓународните струења, нашата држава е единствената во регионот во која Министерството за труд и социјална политика менаџира со националниот механизам за управување со жртвите, додека во Албанија, Косово и во Србија на чело на тој механизам стои МВР.

[47] Проектот се спроведува нешто повеќе од девет месеци, и од него досега е извлечен заклучок дека значајни за откривање на жртвите се граѓанските организации, кои имаат клучна улога во борбата за сузбивање на овој криминалитет, но кои немаат финансиска помош од државите во регионот;

# V ДЕЛ

# Заштита и поддршка на жртвите на трговија со луѓе и сузбивање на овој криминалитет на нашите простори

## 1. Дефинирање на помошта на жртвите на трговија со луѓе

Секој вид на помош за жртвите на трговија со луѓе ќе биде овозможен земајќи ја во предвид состојбата на жртвите во согласност со меѓународно прифатените стандарди, наведени во Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца кој преставува дополнение на Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал, и други релевантни европски стандарди, вклучувајќи ја и Конвенцијата за заштита на правата на децата. Заштитата на жртвите на трговија со луѓе потребно е да биде врз основа на нивната доброволна согласност со претходно целосно информирање за нивниот статус под надлежност на релевантните власти. Имено, жртвите на трговија со луѓе ќе бидат згрижени одделно во однос на илегалните мигранти. На децата жртви на трговија со луѓе им се доделува специфична помош и заштита.

Помош на жртвите на трговијата им укажува и Меѓународната организација за миграција (ИОМ) врз основа на следниве критериуми:

- За едно лице да добие помош од ИОМ, тоа мора да биде оценето дека е жртва на трговија со луѓе, според меѓународно прифатените стандарди. Проценката ќе се базира врз основа на интрвју извршено од страна на персоналот на ИОМ.
- Жртвата на трговија со луѓе, откако ќе ги добие целосните информации од страна на персоналот на ИОМ за Програмата за враќање и реинтеграција, доброволно се согласува да ја прими понудената помош.

- ИОМ може унилатерално да донесе одлука и да го суспендира обезбедувањето на непосредната помош во Транзитниот Центар за Странци, доколку минималните услови во однос на хуманитарната помош, почитувањето на човечките права и општите услови дефинирани според меѓународно прифатените стандарди не им се гарантираат на жртвите.

Имено, физички, психички и социјални последици со кои се соочуваат жртвите, предизвикани од злоупотреба и експлоатација за време на процесот на трговија со луѓе, наметнуваат потреба за градење на програми за нивна заштита и поддршка. Овие програми постојат во Македонија овозможувајќи надминување на траумите и реинтеграција на жртвите во семејството, домот и локалната заедница.

Во Република Македонија постојат два објекта во кои се обезбедува прифаќање и сместување на странски и домашни жртви на трговија со луѓе. Едното е под управата на Министерството за внатрешни работи, додека пак, со другото раководи НВО „Отворена порта-Ла Страда".

**Прифатниот центар за странци** е објект во сопственост на Владата на Република Македонија, управуван од Министерството за внатрешни работи/ Сектор за гранични работи, кој е во функција од април 2001 година и е наменет за сместување на странски државјани, претпоставени жртви и жртви на трговија со луѓе и илегалните мигранти.

Во прифатниот центар за странци на сместените лица, стручниот тим им обезбедува сместување, медицинска помош и заштита, правни совети и застапување и психосоцијална поддршка, како и услуги за враќање и реинтеграција.

Од 2001 година, Интернационалната организација за миграција (ИОМ) обезбедува директна помош на жртвите на тровијата со луѓе.[48]

[48] Извор: ИОМ Скопје, статистика за асистирани жртви на трговија со луѓе-директна помош на вкупно 785 жртви на трговија, од кои 776 странски и 9 македонски државјани.

**Центар за лица жртви на трговија со луѓе** е државно прифатилиште отворено на 28.01.2011 од страна на Министерство за труд и социјална политика (МТСП) во согласност со обврските кои произлегуваат од Законот за социјална заштита.[49]

Во Центарот се сместуваат жртвите на трговијата со луѓе, домашните државјани и странски жртви кои имаат добиено дозвола за привремен престој. Во Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе директна помош и поддршка даваат две здруженија на граѓани со кои МТСП има потпишано меморандум за соработка:

- Социјална поддршка од здружението на граѓани "Отворена порта" и
- Психолошка поддршка од здружението на граѓани "За среќно детство".

Важно е да се напомене дека Владата ја поддржува оваа структура со покривање на трошоците за 24-часовна безбедност, и финансиска поддршка на две невладини организации за директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе сместени во овој Центар. Севкупните активности за борба против трговијата со луѓе ќе бидат надгледувани од националниот известувач кој е одговорен за систематско собирање и анализа на податоците кои се добиваат со развиена методологија (квалитативни и квантитативни информации).

## 2. Невладина ангажираност околу сузбивањето на овој криминалитет на нашите простори

Невладините организации имаат значајна и клучна улога во борбата со ваквата трговија, поради што и постојано, на сите земји, меѓународната заедница им препорачува да своите владините политики околу решавањето на овој проблем го усогласат со активностите кои ги превземаат членовите на ваквите организации. На меѓународно ниво многу организации за човекови права покренаа кампањи за сузбивање на трговијата со лица. Во оваа насока формирани се и неколку невладини организации како Coalition to Abolish Slavery and Trafficking

[49] Сл. Весник на РМ бр.79/09 чл.26, чл.31 и чл.132

(CAST), Arizona League to End Regional Trafficking (ALERT), Chab Dai, Polaris Project и други, како и неколку кои акцентот го ставаат на заштита на малолетните жртви: ZOE Children's Homes, Transitions Global, Alliance Anti Traffic (AAT), Redlight Children Campaign и слични.

Следејќи го ваквиот пример Република Македонија остави простор за формирање на вакви непрофитни организации кои константно ја помагаат борбата против трговијата со лица, а во одредена мера и ја диктираат. Поради тоа и Владата на Република Македонија формира Одделение за соработка со невладини организации[50] со цел да се обезбеди поблиска институционализирана соработка со граѓанскиот сектор и охрабрување на активното вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики.

Ваква организација е и невладината, непрофитабилната организација "Отворена порта" Ла Страда[51]. Организацијата врши нагласување на проблемот на трговија со луѓе, подготвување и објавување на превентивни и информативни материјали, водење на СОС-линија за информација од трговија со луѓе, организирање на тренинзи на локалните невладини и владини организации, собирање и размена на информации за трговија со жени, размена на информации и искуства со Ла Страда мрежата и други интернационални организации, како и креирање на локална мрежа од женски невладини организации и интернационални организации кои работат во Македонија[52].

Отворена порта веќе со години наназад раководи со прифатилиште за сместување и поддршка на жртви на трговија со луѓе и во него се спроведува програма за рехабилитација која треба да биде поддржана и од локалните центри за социјална работа. Во прифатилиштето на жртвите им е обезбедено сигурен престој, храна, облека, психосоцијална поддршка, медицински третмани, правна помош и обука за работа. Сепак и покрај формраното Одделение за соработка со невладините организации, и покрај целата подршка која ја има оваа организација

[50] 2 http://www.nvosorabotka.gov.mk;

[51] Истата е формирана во септември 2000-та година и оттогаш па наваму се занимава со превенција и психо - социјална подршка на потенцијалните жртви и жртвите на трговија со жени.

[52] Превземено од податоците на Regional Initiative of Women's Groups for Promoting ICT as a Strategic Tool for Social Transformation достапно на:http://www.wittproject.net/spip.php?article204;

од Владата на РМ, таа како најголема невладина организација која работи на овој план и натаму егзистира главно од помошта на меѓународни донатори за што сме жестоко критикувани на меѓународната сцена.

Министерството за труд и социјална политика во рамките на Националниот Механизам за Упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ) промовира една добра пракса на демократско градење на институциите, преку унапредување и координирање на ефективните врски помеѓу државните институции и граѓанското општество. Во таа насока има потпишано меморандум за соработка со НВО Отворена Порта во чие што прифатилиште ги упатува потенцијалните и идентидикуваните жртви на трговија со луѓе.

Во Република Македонија во насока на заштита на децата – жртви од трговијата со нив работи и невладината организација "За среќно детство", а во поглед на целокупна заштита на децата и нивно перманентно информирање за нивните права – првата детска амбасада "Меѓаши", како и многу други невладини организации[53]. Невладината организација "За среќно детство" во 2009 година низ медиумите жестоко зборуваше за постоењето на проблемот со внатрешна трговија со деца во нашата држава, вршена воглавно од нивни родители. Во рамките на работата на второто (од двете) прифатилиште за жртвите на трговијата со луѓе во Република Македонија, активно работат обучени лица за оваа област од НВО "За среќно детство". Се работи за Транзитниот центар, во надлежност на МВР, во кое се сместуваат жртви на трговија со луѓе –странци. Како и НВО "Отворена порта - Ла страда" и НВО "За среќно детство" има потпишано меморандум за соработка со Министерството за внатрешни работи во оваа област. Со тоа се потврдува јавното признавање на важната улога во сузбивањето на трговијата со луѓе на граѓанскиот сектор од страна на државата.

Невладината организација "Отворена порта - Ла страда" е член на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и на Подгрупата за Борба против Трговија со Деца. Овие две тела се имплементирачки тела на Националната комисија за борба против

[53] НВО „Градиме Иднина", НВО "Сепмер"-Битола, НВО "Спасете ги децата", и сл.

трговија со луѓево која членуваат преставници од различни министерства. Членството во секретаријатот и подгрупата и овозможува на Отворена Порта да го пренесе и застапува гласот на Невладиниот сектор пред владините институции, а воедно и да лобира за препознавање на проблемот трговија со луѓе како сериозно кршење на основните човекови права. Програмата за директна поддршка е најважниот сегмент и главна причина за постоењето на "Отворена Порта". Целта на оваа кампања е да им обезбеди потребната поддршка и помош на жртвите за повторно да ја стекнат својата слобода и да ја превземаат контролата над своите животи. Директниот контакт со жртвите ни ја покажува вистинската слика за преживеаните трауматски искуства додека биле во ситуација на трговија, и ни дава насоки за понатамошна работа.

Како резултат на потребите за сместување на македонските државјанки кои бараат помош во Јули 2005 година Отворена Порта отвори прифатилиште за жртви од трговија со луѓе – Резиденција, во кое е развиена комплексна програма за рехабилитација и реинтеграција на сместените клиенти. Општата цел на проектот "Резиденција" и на НВО Отворена Порта/Ла Страда Македонија е да ја зајакне способноста на земјата да овозможи соодветна заштита за тргувани лица, особено државјани и малолетници, врз основа на регионални и меѓународни инструменти за заштита на човековите права, вклучувајќи ги стандардите за заштита на жртви на Европската унија, Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и Советот на Европа. На жртвите им се нудат специјализирани услуги, како што се сигурен престој, храна, облека, психо–социјална поддршка, медицински третмани, правна помош и обука за работа. Периодот на престој во Резиденцијата се определува од случај за случај, а во просек од 3 до 12 месеци. Сите корисници се вклучуваат во програмата на Резиденцијата исклучиво на доброволна база.

Партнерства за соработка се развиени помеѓу Отворена Порта и разни државни и не-државни тела задолжени за борба против трговија со луѓе: Координативна канцеларија на Националниот механизам за упатување(НМУ), Министерство за внаатрешни работи, НВО мрежата, Унијата на социјални работници, општинските коалиции, Секретаријатот и Подгрупата за борба против

трговијата со деца при Национална комисија, Меѓународна организација за миграции (ИОМ), , Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), УНИЦЕФ итн. Дополнително на ова, е равиено и менторко партнерство со слични проекти во регионот на југоисточна Европа, како што се романскиот "Reaching out", бугарската "La Strada", албанската НВО "Vatra" и црногорската НВО "Women Safe House".

**Стандардни оперативни процедури на програмата "Резиденција"**

Невладината прганизација, Отворена Порта отвори прифатилиште за жртви од трговија со луѓе – Резиденција, во кое е развиена комплексна програма за рехабилитација и реинтеграција на сместените клиенти. Овие Стандардни оперативни процедури се предвидени да бидат работен документ, со што ќе бидат подложни на постојани ревизии и подобрувања, како што напредува работата на Резиденцијата.

1. **Прием**

   Сите претпоставени жртви на трговија со луѓе, пријавени и/или идентификувани на територијата на Република Македонија ќе имаат право на прием во просториите на Резиденцијата.

   Тимот на социјални работници, психолози и здравствени работници од Резиденцијата ќе одреди и одличи дали потенцијалната жртва ќе биде прифатена за престој во Резиденцијата. Потенцијалната жртва ќе биде примена во Резиденцијата, исклучиво врз основа на нејзината/неговата јасна согласност. Пред приемот, потенцијалната жртва ќе потпише формулар за прием и договор.

2. **Времетраење на престојот**

   По приемот, тимот на Резиденцијата ќе определи првично времетраење на престојот во периодот од 30 дена. По изминувањето на првичните 30 дена, тимот на Резиденцијата донесе одлука за продолжување на престојот. Доколку е потребно, продолжувањето на престојот ќе биде за период од 90 дена. По истекувањето на 90 дена, тимот на Резиденција ќе донесе одлука за дополнителни продолжувања на престојот.

Продолжувањето на престојот за секоја потенцијална жртва ќе биде одредено во зависност од спецификите на секој одделен случај. Тимот од социјални работници, сихолози и здравствени работници кој работи на индивидуален случај ќе одреди и одлучи за продолжување на престојот на соодветниот случај.

При донесувањето на одлуката за продолжување на престојот, тимот на Резиденцијата ќе има предвид следниве критериуми:

- Потребите на сместената потенцијална жртва;
- Здравје на потенцијалната жртва;
- Здраственета состојба на потенцијалната жртва;
- Финансиската ситуација на потенцијалната жртва;
- И правниот статус на потенцијалната жртва (дозвола за престој, заштита на сведоци итн.).

**3. Процедура при прием**

По упатувањето на потенцијалната жртва, тимот на Резиденцијата ќе направи првично интервју во просториите на Резиденцијата. Првичното интервју ќе биде спроведено во одделна соба, изолирана од останатите потенцијални жртви кои се веќе сместени во установата.

Тимот на Резиденцијата ќе ги провери личните предмети на потенцијалната жртва за евентуално оружје, дрога, алкохол, уреди за комуникација и останати потенцијално штетни материи.

Тимот на Резиденцијата ќе и обезбеди на потенцијалната жртва соодветна облека и спрема за одржување на личната хигиена.

При приемот, тимот на Резиденцијата ќе направи основен медицински преглед на потенцијалната жртва, со цел да се одреди евентуален неопходен медицински третман. Доколку е неопходен посебен медицински третман, тимот на Резиденцијата ќе ја упати потенцијалната жртва до соодветна надворешна медицинска установа и ќе и го овозможи третманот.

**4. Чување и архива и документи на случаите**

Тимот на Резиденцијата ќе чува детална архива за третманот и состојбата на секоја од сместените потенцијални жртви. Сите извештаи и досиеја ќе

бидат чувани во писмена форма и на електронски запис, и ќе бидат недостапни за клиентите и неавторизирани лгнува да лица.

Тимот на Резиденција ќе избегнува да забележи лични имиња и адреси во досиејата. Одделна база на податоци која ќе содржи имиња и контакт податоци ќе биде чувана на исклучително безбедна локација.

5. **Доверливост**

   Сите информации кои се добиени од или во релација со сметената потенцијална жртва ќе бида чувани како строго доверливи. Тимот на Резиденцијата нема да открива вакви информации на надворешно тело, институција или поединец, без претходна писмена согласност од потенцијалната жртва. Тимот на Резиденцијата нема да бара од жртвата информации кои се однесуваат на нејзиниот статус како тргувано лице.

6. **Упатувања**

   Резиденцијата ќе биде отворена за упатување на сите институции, агенции, НВО и даватели на помош или поединци. Во случај на упатување, тимот на Резиденцијата ќе го посети соодветното место и ќе ја превземе потенцијалната жртва од локацијата. Во ниту еден случај, тимот на Резиденцијата нема да дозволи точките на упатување индивидуално да ги пренесуваат потенцијалните жртви во просториит на Резиденцијата.

7. **Безбедност**

   Локацијата на Резиденцијата се чува во тајност. Просториите на Резиденцијата се обезбедени во приватна компанија за обезбедување. Персоналот за обезбедување не е поставен во Резиденцијата, или пак во непосредна близина. Во случај на итност, тимот на Резиденцијата ќе ја повика компанијата за обезбедување преку телефон или преку поставено "копче за паника". Во случај на повреда на безбедноста, при што локацијата на Резиденцијата е откриена, ќе биде следена процедурата зацртана во Протоколот за безбедност.

8. **Телефонски разговори со членови на семејството**

На сместените потенцијални жртви не им е дозволено да вршат телефонски разговори од Резиденцијата. Поседувањето на мобилни телефони и други средства за комуникација не е дозволено.

Сместените потенцијални жртви може телефонски да разговараат со блиски членови на семејството само врз основа на претходно одобрени од тимот на Резиденцијата. Сместените потенцијлани жртви може да бидат посетени од блиски членови на семејството само врз основа на претходно одобрение од тимот на Резиденцијата. Сите посети ќе се одржуваат надвор од збедносната на Резиденцијата, на безбедна локација и во придружба на тимот на бРезиденцијата.

**9. Превоз и движење надвор од Резиденцијата**

Секој превоз на потенцијалната жртва ќе биде организиран од страна на тимот на Резиденцијата, освен доколку тимот не одличи поинаку. Сместените потенцијални жртви смеат да се дижат надвор од Резиденцијата само по претходно одобрени од страна на тимот на Резиденцијата. Кога ќе биде соодветно, тимот на Резиденцијата ќе ги придружува потенцијалните жртви додека се надвор од Резиденцијата.

При донесувањето на одлуката дали да се дозволи движење надвор од Резиденцијата, тимот на Резиденцијата ќе ги земе предвид следниве услови:

- Психо–социјалната состојба и менталното здравје на потенцијалната жртва;
- Здравствената состојба на потенцијалната жртва;
- Безбедносната состојба на потенцијалната жртва.

**10. Престанок на престојот и отпуштање**

Тимот на Резиденцијата одлучува за времетраењето на престојот. При отпуштање, сите лични предмети се враќаат на потенцијалната жртва. Од жртвата ќе биде побарано да не ја открива локацијата на прифатилиштето.

На потенцијалната жртва ќе и биде издадено отпусно писмо. Писмото ги содржи следниве информации:

- Дата на прием;
- Дата на отпуштање;

- Име на сместената потенцијална жртва;
- Третман кој бил даден за време на престојот;
- Дополнителни забелешки (доколку е потребно).

  Тимот на Резиденцијата ќе одржува редовни контакти со потенцијалната жртва која била отпуштена.

**11. Услуги**

Тимот на Резиденцијата ќе врши редовни разговори и индивидуални сесии со сите сместени жртви. Разговорите и сесиите, на тимот на Резиденцијата им даваат податоци за идните третмани и услуги. Тимот на Резиденцијата, во зависност од потребите на секој индивидуален случај, може да ги пружи следниве услуги:

- Психолошка подддршка и советување;
- Социјално советување;
- Основна здравствена грижа;
- Основна правна помош.

Психолошкиот третман за справување со траумата вклучува:

- Вежби за релаксација, емоционална поддршка, внимателно слушање и разговори за проблемот, сугестии за идните планови и конкретни акции.
- Психолошко советување и рехабилитација за ослободување од трауматските искуства и флексибилност во однесувањето, конструктивна комуникација, толеранција и информации и советување за подобра комуникација и односи со семејството.
- Реинтеграција на жртвите со употреба на окупациона терапија(во зависност од афинитетите и потребите на жртвата) игри,цртање, читање, работење, учење и сл.
- Индивидуална психотерапија со клинички психолог
- Средби со психијатар.

Со сите жртви на трговија со луѓе се прават долги разговори и интрвјуа интервјуа, особено со потешките и сложени случаи кои бараат максимален напор за жртвата повторно да ја стекне вербата во себе и другите. Работата продолжува со подигнување на свеста и овозможување на жртвата да се соочи со реалноста,

а напорите на прифатилиштето се насочени да ги заштитат да не завршат како жртви повторно. Потоа напорите на прифатилиштето главно е фокусирана на рехабилитацијата, ангажрање (окупациона терапија) и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе. Во психолошката поддршка на ова прифатилиште вклучени се и психолози кои спроведуваат индивидуален психотераписки третмани и групни психотераписки сесии со жртвите на трговија со луѓе.

Оваа организација, Отворена порта и проектот Резиденција им пружаат значајната помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе во нивното прифатилиште. Така во оваа прифатилште на жртвите на трговија со луѓе им се даваат специјализирани услуги, како што се сигурен престој, храна, облека, психо-социјална поддршка, медицински третман, правна помош и обука за работа. Во суштина, голем број на активности се превземеаат за време на престојот на жртвата на трговија со луѓе, со што се прават значителни резултати кон подубрувањето на општата состојба на тргуваната жртва.

Република Македонија создаде услови за формирање на вакви непрофитни организации кои константно ја помагаат борбата против трговијата со лица, а во одредена мера и ја диктираат.

Можеме да констатираме, државата сама, без соработка со невладиниот сектор, со мешународните организации и институции, не би можела да постигне успешност во реализирање на сувопарното законодавство. Потребата и важноста од постоењето на невладините организации е од особено значење, како и нивната политика и улога во процесот на сузбивање на трговијата и превентивно делување над граѓаните.

Во продолжение следува формулар за идентификација на жртви на трговија со луѓе, кој е во функција на Невладината организација Отворена порта, односно нејзината програма за директна поддршка и помош на жртвитена трговија со луѓе, проект Резиденција.

| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЖРТВАТА | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Прекар и лични белези** | **Дата и место на раѓање** |
| **ЕМБГ** | | |
| **Име и презиме на родителите** | | |
| **Адреса** | **Пол**<br>а) машки<br>б) женски | **Јазик на којшто зборува** |
| **Телефонски контакти** | | |
| **Место на живеење/држава** | **Државјанство** | **Националност** |
| **Образование**<br>а) без образование<br>б) незавршено основно<br>в) основно | г) незавршено средно<br>д) средно<br>ѓ)вишо/високо | |
| **Брачна состојба**<br>а) неженет/немажена<br>б) женет/мажена<br>в)разделен/а | г)вонбрачна заедница<br>д)разведен/а<br>ѓ) вдовец/вдовица | **Дали има деца?** |
| **Пред колку време го напуштил/а местото на живеење?** | | |
| **Причини за напуштање на местото на живеење** | | |
| **Како има воспоставено контакт со сторителот?***<br>а) доброволно<br><br>*Се пополнува само за полнолетни лица* | б) принудно | |
| **Кој ја регрутирал /посредувал?**<br>а) семејството<br>б) пријатели | в) непознато лице<br>г) брачен партнер | д) друго |
| **Начини на регрутација**<br>а) закана<br>б) принуда<br>в) грабнување<br>г) лага | д) измама<br>ѓ) кажување на полувистина<br>е) употреба на сила<br>ж) оглас или друг начин за добивање работа и друго. | |
| **Начин на транспорт**<br>а) транспорт (превозни средства)<br>б) пренесување (илегален/легален)<br>в)криење<br>г) прифаќање и засолнување | | |

**Вид на експлоатација**

а) сексуална експлоатација

- Присилна проституција
- Порнографија

б)принудна работа/трудова експлоатација

- Слугување
- Питачење

в) ропство и практики слични на ропство

г) присилен брак

д) присилна фертилизација

ѓ) незаконско посвојување или нему сличен однос

е) пресадување делови од човечко тело

**Првичен контакт со жртвата**

КОЈ

КАДЕ

ДАТУМ

| | **ДА** | **НЕ** | **ЗАБЕЛЕШКА** |
|---|---|---|---|
| Лицето поседувапатни документи или документи за идентификација | | | |
| Документите биле задржани од работодавецот/друго лице | | | |
| Документите за идентификација биле фалсификувани и/или прибавени од непознато/ трето лице | | | |
| Лицето илегално влегло во државата | | | |
| Нема или има малку финансиски стедства | | | |
| Лицето имало ограничена слобода на движење. Лицето било држено во изолација само или со други лица | | | |
| Имало лице кое го контролира движењето на жртвата | | | |
| Има видливи повреди по телото – траги на насилство | | | |
| Лицето било силувано | | | |
| Лицето го познава местото каде се наоѓа | | | |
| Лицето го познава јазикот на кој му се обраќаме | | | |
| Ја знае крајната дестинација на патувањето | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Остава впечаток дека податоците кои ги дава му биле кажани од друго лице | | | |
| **НАЧИНИ НА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ ВО МАКЕДОНИЈА (САМО ЗА СТРАНЦИ)** | | | |
| Друго лице го организиралопатувањето и/или добивањето виза | | | |
| Барањето на виза за влез/излез било доставено од друго лице | | | |
| Од лицето било барано извршување на други активности под присила/закана | | | |
| Лицето патувало со придружба при што превозот му бил платен и добило инструкции за однесување при преминот на границите | | | |
| Лицето патувало само/без придружба | | | |
| Лицето стравува дека ќе биде протерано | | | |
| Лицето влегло во земјата илегално | | | |
| **ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПОПОЛНУВА ЗА СИТЕ** | | | |
| Социоекономскатасостојба е тешка и без на перпективи во земјата-регионот на потекло | | | |
| Семејството е зависно од приходите на лицето | | | |
| Лицето било регрутирана во земјата-регионот од каде потекнува преку оглас или на друг начин и добило предлог за работа | | | |
| Дали има склучено договор за работа? | | | |
| Ветувањата за работа не кореспондираат со условите за работа и живот во регионот или земјата на дестинација | | | |
| На лицето му била ветена дозвола за работа, која никогаш не му била дадена | | | |
| **СОСТОЈБА НА РАБОТА** | | | |
| Лицето има ограничена слобода на движење или комуницира под надзор | | | |
| Има работно време подолго од предвидениот законски максимум | | | |
| Треба да работи во какви било услови ( на пр. Мора да работи веднаш по болест или прекин на бременост) | | | |
| Лицето нема или има ограничен пристап до медицинска помош | | | |
| Лицето е зависник од<br>а) алкохол б) дрога в)медикаменти | | | |
| **ТИПИЧНИ СИТУАЦИИ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА** | | | |
| Лицето знаело дека ќе биде принудувано на експлоатација | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Лицето било казнувано со физичко насилство (друго) | | | |
| Лицето често ги менувало локациите на експлоатацијата | | | |
| **НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ** | | | |
| Лицето добивало паричен надомест | | | |
| Добивало дел од договорената сума | | | |
| Не добивало надомест | | | |
| Не добивало надомест поради следниве причини: | | | |
| Требало да исплати долгови за патување, вадење на патна исправа, сместување и др. | | | |
| Требало да врати фиксен дневен или неделен износ за престој и храна | | | |
| Одреден дел од приходите требало да даде на трети лица | | | |
| Одземање или задршка од приходот заради непослушност | | | |
| Дали е идентификувано како жртва? | | | |
| **ЗАБЕЛЕШКА:**<br><br><br>Датум<br>Лице кое водело интервју<br>Преведувач<br>Други присутни (родител/старател) | | | |

Формуларот е одлично концепиран и служи за идентификација на жртви на трговија со луѓе, кој е во функција на програмата за директна поддршка и помош на жртвитена трговија со луѓе на Невладината организација Отворена порта. Програмата за директна поддршка е најважниот сегмент и главна причина за постоењето на оваа организација.

Сепак и покрај формраното Одделение за соработка со невладините организации, и покрај целата подршка која ја има оваа организација од Владата на РМ, таа како најголема невладина организација која работи на овој план и натаму егзистира главно од помошта на меѓународни донатори за што сме жестоко критикувани на меѓународната сцена.

Но, значајно е и тоа што невладините организации кои работат со оваа проблематика, се вклучени во изработката на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе. Во поглед на малолетните жртви, соработката на МВР и граѓанскиот сектор е утврдена и со Акциониот план за борба против трговија со деца.

**Анализа на случај**

Во прифатилиштето на Невладината организација Отворена порта, за директна поддршка и помош на жртвитена трговија со луѓе, примена е 23 годишна девојка од Битола по националност Македонка, со завршено средно училиште, која од Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе е упатена во прифатилиштето на организацијата Отворена порта.

Имено, таа потекнува од сиромашно семејство кое се издржува од пензијата на нејзиниот починат татко. Живее со нејзината мајка, двајца браќа и една сестра. Поради лошата финансиска состојба во која се наоѓало нејзиното семејство заедно со нејзината сестра почнале да работат во една кафеана која што била на лош глас, во која што работела неколку месеци. Една вечер таа се договорила да излезе со дечко кој што и се допаѓал подолг временски период. Излегле во кафе бар каде што останале до доцна во ноќта и биле под дејство на алкохол. Откако се договориле да си одат, наместо дома дечкото присилно ја одвел во друг град каде во два наврати ја силувал и каде што ја држел два дена. Потоа таа била предадена (за пари) на сопственик на кафеана, каде била принудувана да дава сексуални услуги. Девојката после одредено време, побегнала од кафеаната благодарение на невниманието на *газдата* (сопственикот на кафеаната) по еден месец.

Случајот го пријавила во полиција, но го пријавила и во центарот за социјална работа, од каде што е препратена во прифатилиштето на организацијата Отворена порта. По нејзината адаптација во прифатилиштето утврдена е нејзината психичка и емоционална состојба. Исто така реализирани се општи лекарски прегледи и гинеколошки прегледи при што е утврдена нејзината здравствена состојба. Во текот на индивидуалните сесии се работело на надминување на стресната состојба, враќање на изгубената доверба во другите луѓе, контрола на чуствата, канализирање на агресија, подигање на нејзините потенцијали, воспоставување на квалитетни пријателски односи како и развивање на самодоверба, но обука за работа. После одреден период од

закрепнувањето, девојката доброволно го напушта прифатилиштето, но контактите со неа продолжуваат.

* * *

Во овој случај може да се констатира значајната помош и поддршка на прифатилиштето на оваа организација, Отворена порта и проектот Резиденција. Имено во оваа прифатилште на жртвите на трговија со луѓе им се даваат специјализирани услуги, како што се сигурен престој, храна, облека, психо-социјална поддршка, медицински третман, правна помош и обука за работа. Во суштина, голем број на активности се превземени за време на престојот на жртвата на трговија со луѓе, со што направени се значителни резултати кон подубрувањето на општата состојба на тргуваната жртва.

Понатаму, улогата на центрите за социјална работа мора да биде нагласена. Социјалните работници од центарот за социјална работа играат мошне значајна улога во целиот процес на рехабилитација. Покрај тоа што тие преставуваат мошне важна точка на упатување, истот така се мошне значајни кога станува збор за проценката на способноста на семејството да ја прифатат жртвата во градот на живеење и да и помогнат во реинтеграција во заедницата.

## Заклучоци

Трговијата со луѓе е призната како најлоша форма на ропство на модерното време, и е осудена како акт кој сериозно ги нарушува универзалните човекови права. Огромните профити создадоа глобална мрежа организирана од транснационални криминални банди кои тргуваат со луѓе на ист начин како со оружјето, дрогата или парите. Иако најголемиот дел од земјите во светот го елиминираат ропството уште одамна, трговијата со луѓе стана една од активностите на организираните криминални групи, кои се докажаа како високо ефективни во навлегувањето во земјите и регионите кои се осиромашени од војните, вооружените конфликти или лошо управуваните транзиции.

Имено, штом организираната трговија со луѓе ќе наиде на погодно тло во рамките на некоја држава или регион, таа расте брзо и поставува стратегиски ризици за стабилноста и иднината на државата. Кога веќе еднаш ќе се востанови, мрежата за недозволената трговија се поврзува со другите криминални организации коишто ги држат другите сфери на влијание во криминалниот пазар.

1. Во овој дел направено е поимно определување на трговијата со луѓе. Она што претставувала терминологијата *трговија со луѓе* во меѓународните договори и конвенции во раните години на дваесетиот век, денес дополнително е развиено во посебен меѓународно правен режим. При дефинирање на оваа појава, неминовно е за појдовна точка да бидат земени меѓународните акти, кои дополнувајќи ја постојано содржината на овој поим, согласно новите сознанија за неа, ги одредуваат основните нејзини елементи.

Во нашата земја појавата на трговија со луѓе во значење и обем кој денес го има, е причина за непостоење не само на систематизирано научно значење за овој безбедносен проблем, туку и за непрецизност на негов единствен назив. Значи во нашата теорија и практика не постои единствен став околу самиот термин со кој се означува оваа безбедносна појава, подеднакво се користат синтагмите трговија со луѓе и трговија со човечки суштества. Имено, во

секојдневната комуникација е поприкладно и вообичаено да се користи терминот трговија со луѓе.

2. Во овој дел од овој труд претставени се меѓународните аспекти на трговијата со луѓе, односно преставени се меѓународните документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со луѓе. Имено, во насока на поуспешно справување со организираниот криминал, меѓународната заедница превземала голем број на иницијативи и активности со цел сузбивање на трговија со луѓе, како едена од најгрубите прекршувања на човековите права. Имено, можеме да заклучиме дека трговијата со луѓе е проблем со интернационални размери. За таа цел, се изготвени мноштво на документи кои формираат уницирана правна рамка за поефикасна и поорганизиарана борба.

Сепак, најзначаен меѓународно – правен инструмент донесен во насока на сузбивање на трговијата со луѓе, поконкретно, трговијата со деца или кај нас именувана како трговија со малолетни лица, е секако Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, донесен од страна на Обединетите Нации во 2000 година како надополнување на Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал.

Како што неколкупати погоре беше споменато, Македонија на 12 декември 2000-та година, во Палермо, ја потпиша *Конвецијата против транснационалниот организиран криминал* со Протоколите донесени од страна на Обединетите Нации, со што беше потврдена подготвеноста на државата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал, преку зајакнување на меѓународната соработка и владеење на правото.

3. Овој дел на овој труд е насловен како Трговијата со луѓе во Република Македонија, кој ја опфаќа законска регулатива на Република Македонија и сузбивањето на трговијата со луѓе и институционална рамка на Република Македонија за борба против трговија со луѓе. Република Македонија има направено значително подобрување на казнената регулатива во однос на

сузбивање на трговијата со луѓе, со што е чекор понапред од останатите земји во регионот. Македонското законодавство многу еволуираше во последните години, во поглед на инкриминациите инкорпорирани во Кривичниот Законик со цел сузбивање на трговијата со луѓе.

Несомнено издвојувањето на делото – трговија со малолетно лице од основниот облик на трговијата со луѓе во посебна законска инкриминација, е најдобриот направен чекор во насока на сузбивање на ваквиот криминалитет на нашава територија. Во насока на сузбивање на трговијата со малолетници, а и трговијата со полнолетни жртви, потребно е правилно функционирање на цел механизам од институции и фигури.

Измената на законската регулатива е само почеток кон формирањето на предуслови за борба против трговијата со човечки судбини. Усогласувањето на законодавството со меѓународните акти значи наше приближување до поразвиените држави од аспект на спремноста за борба против трговијата. Синхронизираноста на владиниот и невладиниот сектор во ваквата борба и ускладувањето на нивните политики е исто така екстремно битен фактор.

Внесувањето на посебниот член 418-г во КЗ, со кој одделно се регулира делото трговија со малолетно лице, овозможи да Република Македонија докаже дека созреала на овој план и превзема битни потфати со цел да постави солидни основи на напорите за сузбивање на криминалитетот. Потребата за превземање на овој потег се засили со ратификациите на меѓународните документи и нивното имплементирање и усогласување нанашето законодавство со нив. На законодавен план, гледано од апсект на кривичниот законик, сме на вистинскиот пат кон сузбивање на трговијата со лица. меѓутоа самата законска дефиниција не е доволно искристализирана.

Имено, и во членот 418 од Кривичниот Законик на Република Македонија, како начин на вршење на делото е наведено врбувањето на лица заради експлоатација по пат на проституција, нешто што е опфатено и во законскиот опис на делото посредување во вршење проституција од член 191 ст.1 од КЗ. Со тоа во практиката се создава почетна конфузност при подведувањето на одредено дело

под соодветната законска инкриминација. Понатаму и ригорозноста на казните која се провлекува низ сите измени и дополнувања на КЗ во последната деценија во врска со ова дело и кои се во согласност со меѓународните акти, мора да се покаже и во практиката при изрекувањето на истите од страна на судовите.

Исто така, Република Македонија од 2001 година има развиени специјализирани институционални механизми за борба против трговијата со луѓе. Тие се насочени кон обезбедување на висока координација на различните засегнати страни и пристап во кој жртвата е во прв план во борбата против трговијата со луѓе.

4. Во овој дел, насловен како Процесот на трговија со луѓе, дефинирани се термините трговец со луѓе и жртва на трговија со луѓе, потоа претставени се фазите на трговија со луѓе, и тоа: регрутирање, транзитна фаза и фаза на експлоатација. Жртвите на трговија со луѓе на почетокот доброволно ги прифаќаат *условите* кои што им се понудени од страна на регрутерите, меѓутоа, тие се измамени за крајната цел на патувањето и за видот на работата којашто треба да ја извршуваат. Најчесто кога ќе пристигнат на одредената дестинација жртвите на трговија со луѓе дознаваат што треба да работат или што се очекува од нив да извршуваат.

Во ова поглавје наведени се и главните фактори, односно причини на трговијата со луѓе. Причината поради која практиките слични на робство, како што е трговијата со луѓе, сеуште постојат во 21-от век во Европа, во најголема мера, се објаснети со т.н. поттикнувачки и повлекувачки фактори.

Воедно, постојат и таканаречени универзални фактори коишто, исто така, имаат свој удел во развојот на трговијата со луѓе. Отсуство на информации за трговијата со луѓе како и вистинити информации за можности во странство, корупција на владините претставници во земјите на потекло, транзит и дестинација одговорни за борба против трговија со луѓе, непостоење на инкриминација на трговија со луѓе во одредени земји, или пак несоодветна казнена политика за сторителите, строгите визни и имиграциони режими, како и несоодветните капацитети на лицата коишто се задолжени да го спроведуваат

законот и да ги контролираат границите доведуваат до олеснување на дејствувањето на трговијата со луѓе и зголемување на ранливоста кај населението.

5. Во овој дел од овој труд дефинирана е помошта и заштитата на жртвите на трговија со луѓе, сузбивање на трговијата со луѓе на нашите простори, како и невладина ангажираност околу сузбивањето на овој криминалитет на нашите простори. Имено, гледано од страна на практиката во поглед на сузбивањето на трговијата со луѓе, кај нас и во светот, темната бројка на овој криминалитет е огромна, посебно во нашата земја. Пропустот кој секојдневно се прави во поглед на сузбивањето на трговијата како со полнолетни лица така и со малолетните, не би можел да се препише на законската регулатива. Пропустите кои ги имаше нашиот Кривичен законик околу имплементацијата на оваа појава се надминати со измените кои ги претрпе истиот во изминативе години.

Сепак, реално, постои бавност во применувањето на новините од реформите на КЗ, проследено со недоволна разработка на одредбите кои се однесуваат за овие кривични дела. Проблем постои и во поглед на превенирањето, во насетувањето на опасноста, која би била значаен индикатор за потребата од активирање на мноштво механизми.

Од овие причини, од коалицијата "Сите за правично судење" потенцираат дека за надминување на овој проблем е потребна заедничка усилба од повеќе актери, што е повеќе од точно. Иако, паралелно, со подобрената законската регулатива, се зборува и за нејзиното недоволно или неадекватно имплементирање во пракса, самиот факт дека е превземено нешто кое веќе започна да ги покажува своите први резултати, е доста голем чекор за држава како нашата.

Во суштина, за остварување на подобри резултати во борбата против трговијата со луѓе, земјите треба да се ориентираат кон практиките на поголемите држави. Потребно е, меѓу другото, да развијат подобри центри за помош на жртвите, нивно препознавање и заштитување во постапките во кои тие се клучни сведоци. Но пред сè, постигнување на поуспешна превенција

* * *

Согласно погоре наведеното, синхронизираната меѓународна ангажираност и поставеност на инструментите во прилог на сузбивање на трговијата со луѓе е елементарен предуслов за започнување и водење на сериозна борба против овој криминал. На неговиот елемент на организираност мора да се одговори со уште поголема организираност и компактност на сите учесници во ваквата борба.

Новите методи на трговија со луѓе се сè повеќе прикриени и потешко се откриваат. Меѓународните криминални организации ги адаптираат методите според новите мерки кои ги превзема владата и регионалните институции. Се појавуваат и неколку алтренативни начини на трговија со луѓе во Југоисточна Европа кои одат паралелно со традиционалните и им предизвикуваат потешкотии во безбедносните сили и полицијата при нивното откривање.

Криминалните организации ги прилагодуваат методите на оперирање според промените кои се случуваат во средината со цел да го избегнат откривањето и да го зголемат избегнат откривањето и да го зголемат профитот.

Процесот на глобализација ги заостри и влоши голем дел од старите проблеми на меѓународната безбедност и предизвика нови ризици и предизвици. Што е уште поопасно, разновидноста на заканите стана глобална во обем и посериозна во ефектите како резултат на ширењето на знаењето, дисперзијата на напредните технологии и движењето на луѓето. Овој развој, комбиниран со зголемените економски интеракции, придонесе за некои проблеми кои се во основата на безбедносните закани.[54]

[54] Милошевска Тања, Безбедносни аспекти на трговија со луѓе во Југоисточна Европа

# Прилог – Случаи

**Студија на случај 1: Приказната на Сергеј**

Сергеј има 27 години и е од Перм, Русија. Во 2001 година тој видел оглас во локален весник за агенција за работа која регрутира градежници за работа во Шпанија. Понудената плата била 1200 американски долари за месец. Ова било многу повеќе отколку неговата месечна плата која изнесувала 200 долари и повеќе отколку што можел да се надева дека ќе заработи во Перм. Тој аплицирал во агенцијата која му резервирала авионски билет за Мадрид под услов да им ги врати парите кога ќе почне да работи.

Кога пристигнал во Шпанија, Сергеј го пречекало едно лице од "агенцијата", кое го земало неговиот пасош. Го пренесле во Португалија и го принудиле неколку месеци да работи на градежен објект без плата. Местото било опкружено со бодликава жица. Без неговиот пасош му било страв дека португалските власти ќе го уапсат. Еден ден, Сергеј успеал да побегне и преку питање да стигне до Германија. Бидејќи немал пасош германските власти го уапсиле. Тој навел дека полицијата го тепала и му ги земала малкуте пари кои ги имал пред да го депортираат во Русија.

Сега, откако е вратен дома, Сергеј е многу трауматизиран од ова негово искуство. Тој доживеал психолошки проблеми и не бил во состојба да работи неколку месеци. Тој не добил никакво советување или поддршка кои би му помагнале да го надмине неговото мачење. Истовремено. Луѓето кои тргувале со него остануваат неказнети.

**Студија на случај 2: Тереза**

Тереза е 19-годишна девојка која потекнува од град со средна големина од една централна Африканска држава. Нејзиниот татко ја продал на друго семејство на рана возраст. Другото семејство ја користело за вршење на работи во домаќинството како што се чистење, готвење и грижење околу децата во семејството. Таа била принудена да спие во претсобјето и и било забрането да излегува без придружба на некој од семејството. Нејзе не и било дозволено да го продолжи образованието над само задолжителното ниво, но таа зборува по малку англиски бидејќи овој јазик се говори во семејството. Од нејзината 12 година нејзе сексуално ја злоупотребуваат сите машки членови на семејството. Еден ден некој роднина го посетува семејството и му понудува да ја откупи Тереза и да ја однесе во странство кај некој пријател на некој роднина кој емигрирал во Италија пред неколку години.

Нејзиното "семејство" се согласува. Таа добива лажен пасош со Шенген Виза којашто ја издава некоја западна амбасада во главниот град за туристички потреби. Визата важи за само еден влез. Нејзиниот "татко" му ја доставува на еден човек кој ја советува како да се однесува и што да му каже на одделот за имиграција кога ќе го прегледуваат нејзиниот пасош. Човекот и кажува дека ќе ја придружува тој и уште еден човек како и дека ќе има и други девојки кои ќе патуваат во групата. Тој и кажува дека ако и пријави на полицијата, или ако ја фатат од одделот за имиграција и ја вратат назад, ќе биде убиена. Тој и кажува дека патува најмалку еднаш за Европа и дека ако избега тој познава некои луѓе кои ќе ја најдат каде и да е.

Тогаш ја носат во станот на човекот, каде што среќава уште три девојки со кои заедно ќе патува. Тука таа открива дека кога ќе стигне стигнат во Италија ќе работи како проститутка. Два дена подоцна тие ја напуштаат земјата со авион. На транзитниот аеродром, каде што треба да се качат на авион кон целта, полицијата забележува дека таа има лажни документи. Тие ја испрашуваат но таа не сака да

зборува со полицијата. Истите и даваат документи во кои се вели дека ќе биде депортирана. Тогаш таа почнува да плаче и ја моли полицијата да и допушти да остане бидејќи ако ја вратат ќе биде убиена и дека бара да им биде предадена на ОН.

**Студија на случај 3: Јелена**

Јелена е 24 годишна  девојка која потекнува од поранешна Југословенска Република. Таа дипломирала на економски факултет, течно зборува 4 јазици вклучувајќи ги на англискиот и францускиот, и работи како службеник во една фирма за сметководство. Нејзината сестра живее во Франција, каде што рабори како преведувач за мала компанија за увоз-извоз. Јелена се одлучува да ја посети својата сестра за време на летото, и аплицира за туристичка виза спонзорирана од сестра и. Како и да е, амбасадата не може да побара смена на периодот за одмор. Таа се одлучува да аплицира за Шенген виза во друга амбасада, и со помош на еден пријател добива покана за волонтерска работа за непрофитна организација во  таа земја. Ова треба да го забрза процесот на издавање виза. По една недела таа ја добива визата, која е валидна единствено за таа една земја. Таа поаѓа од дома и стигнува до нејзината примарна дестинација, каде граничните власти и удираат печат на визата. Потоа, во последен момент и извршиле промени во работниот распоред и и кажуваат дека ќе мора да се врати дома за неколку дена. Подоцна таа заминува за Франција со цел да таму, со сестра и, го помине остатокот од времето се до истекот на визата. Ниту една гранична контрола не е понатака извршена поради Шенген договорот помеѓу двете земји. Таа стигнува кај сестра си и заедно  поминуваат една недела. Една вечер, додека тие се во паб, неколку момчиња започнуваат тепачка. Стигнува полиција и од сопствениците на пабот бараат документи. Јелена е приведена во најблиската полициска станица и задржана за имиграциски прекршок.

**Студија на случај 4: Ева**

Ева е 24-годишна девојка од поранешна советска република. Таа завршила факултет за нуклеарно инженерство, со високи оценки, кога имала 23 години, и солидно го зборува францускиот и англискиот јазик. Таа е самохрана мајка на 3-годишно дете, од нејзиниот бивш маж, кој го познава уште од средно школо. Работи како учителка по математика, во основно училиште. Заработува, еднакво, 140$ месечно, што е доволно да ги покрие тековните трошоци. Еден ден, додека пазарелаво некој трговски центар во центарот на градот, видела реклама за "работа во странство", програма организирана од некоја локална агенција. Таа решава да се распраша малку повеќе, и е примена како кандидат. Ја интервјуираат за работа како "куќна помошничка" во Швајцарија, за време на летните одмори. Поради нејзините квалификации таа е одбрана. Агенцијата бара учество од 400$, половина од кои треба да се дадат однапред, а остатокот ќе и биде одбиен од оние 500 евра месечна плата, која ќе и ја дава семејството каде што ќе работи. Покрај тоа патните трошоци, храната и сместувањето ќе и бидат покриени, и и се гарантира дека ќе има еден слободен ден во неделата. Ја добива визата и патува за Швајцарија, каде што е пречекана од семејството во кое ќе се грижи за една постара жена. Нејзиното дете ќе остане со мајка и. По неколку дена, таа излегува во град, среќава група свои сонародници и се спријателува со нив. Се зближува со Валентина, девојка која ќе и каже дека поминала низ истата програма за куќни помошнички, и дека сега има регуларна дозвола за престој како танчерка, заработувајќи доволно пари за да се издржува себе си и нејзините дома. Таа вели дека има начини да се заработат повеќе пари од основната плата, доколку е спремна да прифати некој компромис, но не и кажува ништо повеќе. Се среќаваат уште неколку пати, пред истекот на договорот на Ева и си разменуваат контакти. Ева и се враќа на својата работа во родната земја. По неколку месеци, Валентина и се јавува на Ева за да и каже дека има можност, доколку е заинтересирана, да склучи договор за работа за 6 месеци, со месечна плата од 850 евра. Ева бара неколку дена за да размисли за понудата. Прифаќа но под

услов да и биде овозможено боледување за време на работниот договор, за да може да го посети својот син. Од канцеларијата каде што е вработена бара 6 месеци одмор, и по добивањето на поканата од Швајцарија, ја добива својата втора виза и заминува во Швајцарија каде што е пречекана од својата пријателка и однесена во клубот. Добива соба, во мал стан каде живее уште една девојка, во близина на ноќниот клуб. Истата вечер и е кажано дека може да го надополни својот приход доколку спие со муштериите во ноќниот клуб. Валентина и кажува дека никој не ја присилува да го прави тоа, но дека би требало да прифати, затоа што и онака ќе и биде дозволено да пушта мажи во собата само за таа цел. За секој муштерија ќе треба да му даде најмалку 80 евра на менаџерот, и треба да се консултира со обезбедувањето секој пат кога ќе сака да донесе некој во собата. Валентина повторува дека е тоа сепак опција, но треба да има во предвид дека сите девојки го прават тоа, дека платата е добра и дека е тоа легална работа во земјата. Ја убедува Ева дека на крајот од месецот ќе може да заработи најмалку 2.000 евра како додаток на основната плата. Доколку ја одбие понудата таа не може да и гарантира дека ќе биде вработена за време на целиот престој, до истекувањето на договорот. Ева ја прифаќа понудата.

**Студија на случај 5: Марина и Андреј**

Марина и Андреј се украински пар на возраст од 22 и 23 години и живеат во рурално место на Црно Море. Тие се издржуваат со работење на пазарот за риба и повремена физичка работа, заработувајќи околу 100 евра месечно. Тие исто така помагаат и во малата продавница која е во сопственост на мајката на Андерј. Куќата во која живеат им е свадбен подарок од таткото на Марина: тоа е куќата во која нејзиниот татко бил роден и пораснал, се до неговото преселување во друг дел на градот каде што успеал да купи друго мало станче и малку земја која ја обработува.

Исклучително тешките услови за живот кои тие ги искусиле ги натерале да бараат можности за мигрирање во странство цо цел да започнат нов живот. Преку некој колега тие се запознаваат со Хуан, Романец кој живеел десет години во Италија и сега поседува низа мали бизниси и транспортни компании во Југоисточна Европа. Хуан е познат во местото како личност која посредува при преселби во Западна Европа, директно или преку пријатели и некои врски кои тој ги има. Хуан се согласува да им набави документи и да се погрижи за нивното патување до Италија. Во замена за таа услуга, тие и нивните семејства се согласуваат Хуан да добие 5000 евра однапред и уште 1000 евра после еден месец. Како гаранција, Хуан добива потпишан документ кој го овластува да го откупи земјиштето од таткото на Марина за сума од 2000 евра во рок од еден месец. Семејството на Андреј пак ја обезбедува готовината која треба да се плати однапред, додека таткото на Марина се согласува да го доплати остатокот од парите во дадениот временски период.

По првичната исплата, парот добива два фалсификувани пасоши со визи; својот пат го почнуваат по копно преку Балканот до Албанија. Веднаш по стигнувањето таму пречекани се од еден човексо кој им било кажано да контактираат откако ќе стигнат. Човекот ги пречекува, заедно со уште 6 други мигранти, и им кажува дека ќе ги однесе во Италија во текот на ноќта. Со мал глисер групата на мигранти трга

за Италија во лоши морски услови. Мигрантите се пуштени во морето и кажано им е да испливаат последните 100 метри до брегот со цел да не биде откриен глисерот; двајца од нив одбиваат да го направат тоа и се фрлени од глисерот. Откако групата стига на брегот, кажано им е од друго контакт лице дека се наоѓаат во Италија и дека од тој момент тие се слободни да одат каде сакаат; како и да е; за дополнителната сума од 1000 евра тие можат да бидат безбедно однесени во провинцијата каде што ќе им биде понудена помош да најдат работа со која тие ќе бидат во можност да праќаат пари дома и да почнат да го отплаќаат долгот. Во таа провинција, контакт лицето им вели дека "ќе биде полесно да се добијат документи за да се остане". Тие прифаќаат и однесени се во земјоделско место каде што им е дадена опција да бидат платени на саат, за миниму од 8 работни саати дневно.

**Користена литература**


Арнаудовски, проф. д-р Љупчо, Стојановски, проф. д-р Трпе, Трговија со луѓе-криминалитет, Скопје: Скенпоинт –Скопје, 2002 година;

Бачановиќ, проф. д-р Оливер, Кривично правна заштита на малолетни лица – жртви на кривични дела, Зборник на трудови Малолетничка правда, Од идеја до практика, Ван Гог,Скопје;

Бикс, К., Амир, Д.,Глобалната секс индустрија и препродажбата на луѓе, Датапонс, САД, 2009;

Биљали, проф. д-р Аслан, Меѓународните и националните аспекти на трговијата со жени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година;

Велкоска, Виолета, Трговијата со луѓе и илегалната миграција перцепирани од главните актери во кривичната постапка, Коалиција "Сите за правично судење", ЕМИТЕР-Скопје, 2008 год;

Данаилов, Владимир, Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001 година;

ИОМ, Прирачник за обука на органите за спроведувањена законот и судството, Нелегална миграција и криумчарење на мигранти во регионот на Западен Балкан, Совет на Европа, 2006;

Јаниќевиќ, Ненад, Трговија со луѓе: Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година;

Камбовски, проф. д-р Владо, Казнено право-општ дел,2-ри Август С-Штип, Скопје, 2006 год;

Матовски, проф. д-р Никола; Лажетиќ – Бужровска, проф. д-р Гордана; Калајџиев, проф д-р Гордан, Казнено процесно право, 2-ри Август С-Штип, Скопје, 2009 година;

Милошевска, Тања, Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, Институт за одбранбени и мировни студии, Филозофски факултет;

Отворена Порта, Обезбедување директна поддршка на жртви од трговија со луѓе во Македонија со посебен фокус на прифатилиштето за жртви на трговија со луѓе – Резиденција, Скопје, 2007;

Сулејманов, проф. д-р Зоран, Криминологија, Скопје: Графос, Скопје, 2007 година;

Тупанчески, проф. д-р Никола, Трговијата со луѓе во споредбеното казнено право и во казненото право на Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год.7, бр.1-2, Скопје, 2000 година;

Акциски план за борба против трговија со деца во Република Македонија, 2009-2012, Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Подгрупа за борба против трговија со деца;

Анлиза на Капацитетите и условите на невладините организации кои работат на полето на борбата против трговијата со луѓе, Скопје, 2007 година;

Извештај за реализираните активности предвидени во стратегијата за соработка на владата со граѓанскиот сектор во 2007 година, Одделение за соработка со невладини организации, Генерален секретаријат, Влада на Република Македонија, Скопје, 2008 година;

Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, Влада на република Македонија, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, Скопје, 2006 година;

Convention against transnational organized crime, United Nations, 2000;

Convention concerning the Abolition of Forced Labour International Labour Organization Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 320, No. 4648, 1957;

Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and of the Exploitation of the Prostitution of Others, United Nations, 1949;

Human Rights Reporт:Macedonia, U.S Department of State, 2009;

International Convention for the Suppression of the "White Slave Traffic",League of Nations Treaty Series, vol. VIII, p. 278,Paris, 1910;

International Convention for the Suppression of the Traffic in Women and Children, League of Nations,1921;

Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, United Nations, Palermo, 2000;

Recommendation No. R (91) 11 concerning sexual exploitation, pornography and prostitution of, and trafficking in, children and young, European Council, 1991;

Recommendation 1065 on the traffic in children and otherforms of child exploitation, Council of Europe, 1987;

Slavery Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 212, No. 2861,1926;

Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery, United Nations, Treaty Series, vol. 266, No. 3822,1956;

Закон за малолетничка правда, Сл. Весник на Република Македонија бр.87/07 од 12.07.2007 год;

Кривичен законик од 1996 година, Службен весник на РМ 37/96 од 29 јули 1996 година

Службен весник на Р. Македонија, бр. 7/08 од 15.01.2008 година;

Службен весник на Р. Македонија, бр.04/02 од 25.01.2002 година;

Службен весник на Р. Македонија, бр.114/09 од 14.09.2009 година;

Службен весник на Р. Македонија, бр.19/04 од 30.03.2004 година;

http://antitrafficking.blog.mk/files/2010/02/NAP-makedonski2.pdf

http://babypartstrafficking.org/html/Overview.html

http://edition.cnn.com/2010/WORLD/americas/01/28/haiti.us.children/index.html

http://fzf.ukim.edu.mk/files/odb/tanjam/Mijalkovic,%20S_%20&%20Milosevska,%20T_%20%20Nezakonska%20trgovija%20so%20deca,%20bebinja%20i%20covecki%20organi.pdf

http://www.ckrm.org.mk/mk/mladi-na-ckrm/novosti-mladi-na-ckrm/178-mladite-vo-borba-protiv-trgovijata-so-luge

http://www.interpol.int/public/thb/women/default.asp

http://www.justice.gov.mk/documents/INFO_TRG%20so%20luge_02.pdf

http://www.mia.com.mk/default.aspx?vId=71152493&lId=1&pmId=

http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/

http://www.netpress.com.mk/vest.asp?id=68341&kategorija=4

http://www.nvosorabotka.gov.mk

http://www.pbs.org/wnet/wideangle/episodes/dying-to-leave/humantrafficking-worldwide/albania/1447/

http://www.state.gov/g/drl/rls/hrrpt/2009/eur/136044.htm

http://www.unicef.org/ceecis/Trafficking.Report.2005.pd

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/NAP_Children_April_2009_-_MKD.pdf76

http://www.wittproject.net/spip.php?article204

